| Забелешки по Нацрт Законот за високото образование од НЕЗАВИСЕН АКАДЕМСКИ СИНДИКАТ (НАкС) | | | |
|---|---|---|---|
| Член | **Текст на членот/ставот/алинејата од Предлогот ЗВО** | **Предложена измена и дополнување** | **Образложение** |
| Член 1 | | | |
| Член 2 | Точка 11. „Единица на универзитет” е факултет, уметничка академија и висока стручна школа како високообразовна установа во состав на универзитет, со права и обврски определени со овој закон и статутот на универзитетот. Единици на универзитет се и научни институти со права и обврски определени со Законот за научно-истражувачка дејност, овој закон и статутот на универзитетот; | Точка 11. Наместо зборот научно-истражувачка, потребно е секаде во текстот на законот да стои научноистражувачка (без цртичка)… | Согласно правописот. |
| Член 2 | Точка 19.„Научен труд“ е пишан труд со нови и изворни и/или прегледни научноистражувачки резултати, а е објавен или прифатен за објавување во научно списание со меѓународна рецензија ; | Да гласи: „Научен труд“ е пишан труд со нови и изворни и/или прегледни научноистражувачки резултати | Објавување на труд и дефиниција на труд се две различни работи. Научноста не произлегува од списнието, а рецензијата служи за оценка и класификација на трудот. Дополнително, од дефиницијата се исклучени научни трудови објавени во зборници, монографии и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 2 | Точка 20.„Научно списание“ е периодична научна публикација во која се објавуваат трудови со резултати од научноистражувачка работа на меѓународните бази на научни трудови на Clarivate индексирани во Web of Science Master Journal List - WoS MJL и/или Elsevier индексирани во SJR (SCImago Journal Rank indicator) за Scopus. | Да се извади Clarivate индексирани во Web of Science Master Journal List - WoS MJL и/или Elsevier индексирани во SJR (SCImago Journal Rank indicator) за Scopus. | Не се само наведените научни списанија начуни списанија. Вреднувањето на научни списанија во смисла на услови за избор и што по дефиниција ќе се смета за научно списание се две различни работи. Дефинција за референтна научна публикација е дадена подолу во точка 27. Наметнувањето на двете бази на научни трудови како единствени во Законот претставува упад во автономијата на универзитетот. Законот треба да остане општ, деталите, да се наведуваат во правилниците на ВОУ. Факултетите треба да имаат слобода да ја креираат листата бази на научни трудови според полето на интерс/областа. Особено што во двете наведени бази не се еднакво застапени различните научни подрачја/полиња, како на пример хуманистичките науки и уметностите, односно истите се релевантни претежно за списанија од подрачјата на медицината и природните науки. Ниту едно од етаблираните списанија од подрачјето на хуманистиката кои имаат долга традиција во Македонија и се со меѓународни уредувачки одбори не фигурира во овие бази на податоци.<br>Ниту една од споменатите бази со научни трудови не е во најпознатите светски бази на трудови од хуманистиката (JSTOR, Project MUSE, ERIH PLUS, ProQuest...) |
| Член 2 | ст.1. т.23 | Пред зборот Буџет да се додаде зборот „основниот“ | Заради специфичнаsа структура на Буџетот во која влегуваат и сопствените приходи. Понатаму во текстот секогаш кога ќе се реферира на Буџетот ќе се однесува на основниот буџет. Опција: да се додаде дефиниција во поимникот дека под Буџет на РСМ, во смисла на овој закон, се подразбира основниот буџет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Точка 27. Алинеја а) и в). Член 2, Став 27. Алинејаа) списание труд објавен во научно списание ... в) зборник труд објавен во на објавени и рецензирани целосни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку пет земји и е издаден признаен научен или академски издавач, евидентиран во релевантни меѓународни научни бази на податоци или | 1. Став 27. Алинеја а) и в) Наместо списание и зборник, потребно е да стои труд објавен во научно списание и зборник.<br><br>2. Алинеја а): Да се врати како што е во актуелниот закон<br>„ во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови или“<br><br>Алинеја в)<br><br>Да се врати како во актуелниот закон<br><br>„зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји“ | 1. (не може списание да е референтна научна публикација).<br>2.Условот членовите на уредувачкиот одбор да бидат од најмалку три држави обезбедува доволно ниво на меѓународност и независност, притоа е пропорционален и реално остварлив критериум. Зголемувањето на бројот на најмалку пет држави не гарантира повисок научен квалитет, бидејќи квалитетот се обезбедува преку ригорозна рецензија. |
| Член 2 | ст.27 а | Зборовите „а е индексирано во најмалку една електронска база на списанија утврдена од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност“ се бришат. | Голем број сериски публикации во областа на филологијата, меѓународно се исклучително референтни, а некои и пореферентни од сериски публикации коишто се дел од некоја база (пр. сериски публикации на Меѓународниот славистички комитет или на системот Гралис). Со предвидената законска одредба се дестимулира објавување научни трудови во ваквите публикации и се маргинализира македонското учество во нив. Во практиката, во рамките на формалните процеси, со ваквата формулација во законското решение, може да се дојде до резултат помалку значајни трудови или трудови објавени во помалку значајни публикации за филологијата да се повреднувани од трудови во исклучително значајни публикации.<br><br>Дополнително, во практиката, утврдената листа може и да не се разликува од базите опфатени со законското решение (Web of Science и Scopus), што дополнително може да доведе до компликации и последици предизвикани од другите законски одредби на коишто се укажува во другите предлог-измени. |
| Член 2 | Точка 36 | После зборот „Буџетот“ да се избише зборот „на“ | лекторкса корекција |
| Член 2 | ст.1 нова точка 37 | Ако остане h-индекс како услов да се дефинира и јасно да се определи преку која база ќе се цени. | да се дефинира - „h – индекс“.<br>Во различни бази има различни системи на определување х-индекс |
| Член 3 | | | |
| Член 4 | | | |
| Член 5 | | | |
| Член 6 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 7 | | | |
| Член 8 | | | |
| Член 9 | | | |
| Член 10 | ст. 2 ... Располагањето со средствата од ставот (1) на овој член, се уредува со општ акт на јавната високообразовна установа и/или на единицата на високообразовната установа. | да се додаде и проектни | можноста постои и во став 3, ова е во насока на прецизирање |
| Член 11 | ст.1Високообразовните установи се автономни во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон. | Високообразовните установи се автономни во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман,  како и лица во стручната и административна служба  врз основа на утврдена систематизација, без обврска за прибавување претходна согласност од Министерство за образование и наука и Министерство за финансии. | Предложениот член не е доволно јасен во смисла на обезбедување претходна согласност од МФ за вработување.  Дополнително, високообразовните установи мора да имаат автономија и при вработување на стручна и административна служба. |
| Член 11 | нов став 4 (по ст.3) | Во случај на престанок на работен однос на вработен во високобразовна установа за кого биле обезбеди средства од Буџетот, не е потребно да се бара нова согласност за вработување на лице на истата единица на високообразовна установа. | Планирани и предвидени се финансиски средства за определеното работно место, со тоа не се прават дополнителни оптеретоварувања на буџетот. Високообразовните установи се принудени да ги трошат сопствени средства за ангажирање надворешни лица за вршење работи неопходни за реализација на основната дејност наместо во развој и истражување, а истото претставува несовладливо оптоварување за единиците кои имаат мал број студенти, односно многу скромни сопствени средства. |
| Член 12 | | | |
| Член 13 | | | |
| Член 14 | (1) Академскиот интегритет на високообразовната установа се заснова на: зачувување на достоинството на професијата, придржување кон етичките вредности, заштита на вредностите поврзани со креирање и пренесување на знаењето, подигање на свеста за одговорноста на сите членови на академската заедница и унапредување на човековите права и слободи.<br>(2) Правилата за академски интегритет на високообразовните установи се дел од системот за обезбедување на квалитет. | Членот да се избрише или да се преформулира | Не се дефинирани поимите кои се користат, што може да доведат до повреда на акадмеската слобода. Дополнително, ако  Агенцијата за квалитет, како составен дел на системот за обезбедување на квалитет, добие овластувања да врши контроли врз „етиката“ и „интегритетот“ на професорите, тоа може да доведе до субјективни оценки и прогон под изговор за проверка на нивниот академски интегритет. |
| Член 15 | Член 15 (1)  Споровите меѓу членовите на академската заедница, како и споровите меѓу самостојните високообразовни установи и нивните единици се решаваат спогодбено, во заедничките органи,  арбитражно и на друг начин на разбирање согласно статутот на самостојната високообразовна установа. | Да се прецизира што значи арбитражно. Нејасна е одбредбата во поглед на тоа на кои спори се однесува. Дали на приватноправни спори или научно различни гледишта, нејасно е што во оваа смисла е арбитражно решвање на спорови . | Што значи „арбитражно“? Дали ВОУ треба да основаат совети за арбитража? |
| Член 16 | | | |
| Член 17 | (3) На статутот на универзитет и на висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Северна Македонија, по претходно позитивно мислење од Владата. | Да се уреди постапката за претходно мислење и роковите, како и на што од Статутот се однесува мислењето/согласноста. | Во член 53 став 4-8 детално е уредена постапката за мислење/согласност на основането на приватна ВОУ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 17 | (3) На статутот на универзитет и на висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Северна Македонија, по претходно позитивно мислење од Владата. | не е јасно дали се однесува само на јавните и приватно-јавните или и на приватните | од оваа одредба произлегува дека согласност е потреба и за статутот на приватните ВОУ (види член 10 каде вика дека финасирањето се определува со статут на приватнта ВОУ, и член 53 став 4-8) |
| Член 18 | Печат, знаци и други обележја на високообразовната установа | да се дополни со одредби за назив во смисла дека називите мора да се разликуваат и да не создаваат забуна за идентитетот на ВОУ | да се оневозможи именување на ВОУ со називи кои се слични на оние на веќе основатите (на пример Св. Апостоли Петар и Павле) |
| Член 19 | | | |
| член 20 | ст.2 т.8 Дополнителни услови за избор. | Да се промени зборот „дополнителни" со „посебни" услови | Согласно овој член ВОУ може да усвои дополнително услови за избор. Тоа не е предвидено во надлежност на ниту еден орган, а дополнително се коси со член 160 каде се предвидени само општи и посебни услови за избор |
| Член 21 | | | |
| Член 22 | | | |
| Член 23 | | | |
| Член 24 | | | |
| Член 25 | | | |
| Член 26 | (1) Странска високообразовна установа која во последните десет години се наоѓала меѓу првите 500 рангирани универзитети на листата Academic Ranking of World Universities Shangai Xiao Tong (ARWU), на која и е признато правото да врши високообразовна дејност, односно е акредитирана за вршење на високообразовна дејност во земјата во која и е седиштето, може на некој од светските јазици да врши високообразовна дејност на територијата на Република Северна Македонија, без постапка на иницијална институционална акредитација и без примена на одредбите од членот 52, 53, 54 и 55 од овој закон, по претходно позитивно мислење од Советот за квалитет на Агенцијата за квалитет во високото образование и наука и одобрение од Владата. | Да се брише член 52, 53 за да се озбезбеди дека странската ВОУ која основа приватно ВОУ на териротијата ан РСМ ќе ги има намалку истите обврски во поглед на назив на ВОУ, основањето ќе биде оправдано, дека студтиските подрачја и програми се соодветни, дека има просторни услови и опрема за остварување на дејноста, транспаретност во поглед на изворите на финасирање за оставрување на дејноста, можноста за обезбедување на потребен број лица за изведување на настава, план за начин на обезбедување услови соглано актите за стандарди, мислење од национален совет. | Иако е оправдано за зголемување на квалитетот на високото образование да се овозможи поедноставена постапка за основање ВОУ од страна на високорангирани универзиети , не е јасно зошто е оправдано да не се бара да ги исполнуваат минималните услови определни со ЗВО. Со исклулувањето на примената на член 52 и член 53 се оневозможува објективна оценка од страна на Советот за квалитет и Владата, кои во основа, треба да ценат исполнтетот на услови за основање. Особено е проблематично што непримената на член 52 и 53 може да доведе до краткорочни проекти за основање и работење на странски ВОУ и нетранспаретност на нивното финасирање. |
| член 27 | ст.1 т.3 Студентот има право на: ....т.3.право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците | да се додаде и соработниците и ненаставниот кадар од службите на ВОУ | оценката на квалитет така ќе биде комплетна |
| член 27 | ст.1 т.3 а | Да се формулира решение со кое право на евалуација на наставник имаат студенти кои присуствувале на наставата. | |
| Член 27 | (3) Редовен студент е студент кој е запишан на студии и ги исполнува обврските во согласност со студиската програма. | Да се преформулира | И вонреден студент е запишан на студии и соодветно исполнување обврски со студиска програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 27 | (6) На студиските програми од подрачјето на медицинските и здравствени науки и останатите студиски програми за регулирани професии, како и на студиските програми за образование на наставници, студентот може да е само со статус на редовен студент. | Да се брише | Се оневозможува понатамошно напредување на лицата кои се вработени во здравствени установи, а кои сакаат да завршат тригодишни студии (акушерство, радиологија и сл.) како и на наставниците, професии каде вработените најчесто се дообразуваат. Ги става граѓаните кои од различни причини не се во можност за редовно студирање во неповолна положба. Исто така, претставува дискриминација на повозрасни студенти, а пред се' дискриминација на жените кои се оствариле како мајки поради што не се во можност редовно да посетуваат настава! |
| член 28 | ст.1 т.7 - учество во управувањето со високообразовната установа согласно со овој закон и статутот на високообразовната установа | да се дополни со „на начин и под услови определи со општ акт на високобразовната установа“ | за да се прецизира начиниот на остварување на ова право |
| Член 28 | ст.1 т.10 - бесплатна и професионална поддршка за физичко и ментално здравје, вклучително и бесплатни курсеви за здравствена поддршка, | да се дополни со зборовите „за што надлежното министерство од областа на образованието и науката обезбедува финасии без оглед на тоа дали студирањето на студентот се финансисра од Буџетот. | не е дефинирано на чиј трошок ќе биде ова право на студентот. Нема секоја единица сопствени средства за да ги покрива ваквите права на студентите. за да се обезбеди еднаквост на сите студенти, а не остварувањето на ова право да зависи од финасиите на единицата на ВОУ |
| Член 28 | ст.2 т.4 - учествува во научно-истражувачката, уметничката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди, | да се дополни со „на начин и под услови определи со општ акт високобразовната установа“ | со оглед на тоа дека за истражување користи средства на ВОУ соодветно ВОУ треба најмалку да има право на комерцијализација. Дополнително истражувања се вршат и во рамки на меѓународни проекти кои подлежат на посебен режим на права на интелектулана сопственост |
| Оддел 2<br><br>И др. членови | Учество на студентите во управувањето и др. членови | | Сите одредби кои се однесуваат на поставеноста, начинот на формирање и работење на студентските организации да бидат дел од посебен закон за студентско организирање во кој ќе се овозможи плуралитет на студентските организации, нивна потполна независност и пропорционална и правична застапеност во органите и телата на универзитетот, како и во други органи/тела на ВОУ.<br><br>Во ЗВО да останат решенија коишто ќе ја гарантираат нивната пропорционална и правична претставеност во органите и телата на универзитетот и др. тела на ВОУ. |
| Член 29 | | | |
| Член 30 | | | |
| Член 31 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 32 | | | |
| Член 33 | | | |
| Член 34 | | | |
| Член 35 | | | |
| Член 36 | | | |
| Член 37 | ст. 4 - Претседател на универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во универзитетското студентско собрание. | Ако останат одредбите кои се однесуваат на студентското организирање, да се додаде „со мнозинство гласови, на тајно гласање “. | Се обезбедува тајност и правичност при изборот, а избраниот претседател има доволен легитимитет. // Ако се остави да се уредува со правилник или статут на универзитетот, може да се случи претседателот на УСС да биде избран со мал број гласов; ако се гласа јавно претставниците на ФСС може да бидат подложни на притисоци. |
| Член 38 | | | |
| Член 39 | | | |
| Член 40 | | | |
| Член 41 | | | |
| Член 42 | | | |
| Член 43 | Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија и тоа: ст.1 т.3 и 4 - еден член на предлог на Македонската академија на науките и уметностите од редот на членовите на Македонската академија на науките и уметностите,<br>- еден член именуван од стопанските комори и | Да се додаде: со искуство во процесите за обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитет | |
| Член 43 | ст.5 Мандатот на членовите на Националниот совет им мирува во периодот од нивниот избор до одржување на конститутивната седница, како и во периодот помеѓу две конститутивни седници на оние седници кои се во мандат. | да се коригира: оние членови кои се во мандат. | нејасен став без промената |
| Член 43 | ст.7 | Член на Националниот совет може да биде разрешен и во случај кога е правосилно осуден за кривично дело, кога се наоѓа во состојба на судир на интереси, кога извршил злоупотреба на функцијата или направил тешка повреда на законските обврски утврдени со закон. | Со постојниот текст на член 43 не се предвидуваат основи за разрешување на член на Националниот совет во случај на кривично дело, судир на интереси или злоупотреба на функцијата. Предвидена е само можност за разрешување поради неизвршување на обврските, што не е доволно за обезбедување на одговорност и интегритет на ова тело.<br>Со предложеното дополнување се воведуваат јасни основи за разрешување во случаи на правосилна осуда, судир на интереси или тешка повреда на законските обврски, со што се зајакнува транспарентноста и одговорноста во работата на Националниот совет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 43 | (9) Собранието на Република Северна Македонија го разрешува членот на Националниот совет, на предлог на Националниот совет, доколку истиот подолго од три месеци не ги извршува обврските утврдени со закон и со другите прописи. | Неусогласен со член 44, став (2), т.17 | Подолу во член 44, став 2, точка 17. стои шест месеци (...предлага до Собранието на Република Северна Македонија разрешување на член на Националниот совет кој подолго од шест месеци не ги извршува надлежностите утврдени со закон и со другите пропис;) |
| Член 44 | ст.2 Националниот совет: т.3 предлага до министерот правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност во согласност со овој закон | Да гласи: „донесува правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност во согласност со овој закон“; | Ова е решението од постоечкиот закон и е во насока на зајакнување на автономијата. Стандардите за вршење на високообразовна дејност се суштината на академската работа. Доколку министерот го има финалниот збор за овие нормативи, тоа ќе претставува ограничување на автономијата; тој може да пропише кадровски, технички или просторни услови кои се во спротивност со академските потреби на универзитетите. |
| член 44 | ст.2 т.10 предлага на министерот надлежен за работите на високото образование членови на матична комисија за основање на високообразовна установа | Да гласи „формира матична комисија за основање на високообразовна установа“ | како стручен и самостоен орган со надлежност за унапредување на дејноста соодветно е тој да ја формира комсијата а не политички орган како што е министерот |
| член 44 | ст.2 т.17 предлага до Собранието на Република Северна Македонија разрешување на член на Националниот совет кој подолго од шест месеци не ги извршува надлежностите утврдени со закон и со другите пропис | Да се усогласи со член 43, став (9). Можеби е правна недоследност, но може да предизвика различно толкување. | Во член 43 став (9) е предвидено дека член на Националниот совет може да биде разрешен доколку подолго од три месеци не ги извршува своите обврски утврдени со закон. |
| член 44 | ст.2 т.21 му предлага на министерот надлежен за работите на високото образование Националната програма за научно-истражувачка дејност | Двете точки (2. и 21.) треба да бидат усогласени | мора за двете програми а има иста постапка |
| Член 44 | ст.2 т.24 предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност | Да гласи: „донесува правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност“ | како во актуелниот закон |
| | ст.2 т.26 донесува упатство за имплементација на Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ – ISCED), за потребите на статистичко и административно усогласување. Донесува правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, како и нормативи и стандарди за раководен академски кадар, по претходно позитивно мислење од министерот надлежен за работите на високото образование | да се избрише втората реченица | Посебните услови за избор ги определува универзитетот, а „нормативи и стандарди за раководен академски кадар, по претходно позитивно мислење од министерот надлежен за работите на високото образование“ претставува можност за директно мешање во автономијата на управување. Условите за избор на раководни лица се веќе определни и со ЗВО и со статутите. |
| Член 44 | | Да се додаде надлежност (точка 28) ... Донесува критериуми за национално рангирање на сите универзитети запишани во регистарот на високообразовни установи | Оваа задача да се префрли од надлежност на МОН (од член 46, став 9) |
| Член 45 | | | |
| Член 46 | Оддел 2<br>РАНГИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ<br>Член 46 | Оддел 2, односно член 46 да се помести во Законот за квалитет на високото образование | Од член 46, став 1 произлегува дека рангирањето се спроведување за развивање и одржување на квалитетот на високото образование. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 46 | (3) Националното рангирање од ставот (1) на овој член може да го спроведе министерството надлежено за работите на високото образование ... | МОН да се избрише | Рангирањето треба да биде спроведено од независна и вискостручна огранзиација која исполнува услови, експертиза и искуство. |
| Член 46 | (3) Националното рангирање од ставот (1) на овој член може да го спроведе .... странска организација ... избрана по транспарентна постапка. | избрана во постапка согласно Законот за јавните набавки | МОН како договорен орган во смисла на ЗЈН не може да склучува договори вон постапка за јавни набавки. |
| член 46 | ст. 6 - Резултатите од рангирањата од ставовите (1) и (2) на овој член, и критериумите по кои се изведени рангирањата се достапни на јавноста во рок од осум дена по изготвувањето на извештајот за резултатите од рангирањата со ранг-листите, преку објавување на интернет страницата на министерството надлежно за работите на високото образование. | зборовите „критериумите по кои се изведени рангирањата“ да се избришат од овој став и прецизно да се уредат во ставот 8 од истиот член | транспарентноста на критериумите треба да се обезбеди пред спроведување на рангирањето |
| член 46 | ст.8 Критериумите за рангирањето се определуваат согласно Берлинските принципи за рангирање на високообразовните установи на Меѓународната експертска група за рангирање. | да се дополни со одредба за објавување пред спроведување на рангирањето | заради транспарентност и правна сигурност |
| член 46 | (9) Подеталните критериуми, постапката и начинот на рангирањето на универзитетите ќе се уреди со посебен акт кој го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. | Да се уреди со посебен акт кој го пропишува Националниот совет и да се предвиди обрвска за објавување најмалку 6 месеци пред спроведување на рангирањето | заради стручност, транспарентност и правна сигурност |
| член 46 | ст.10 - Министерството надлежно за работите на високото образование ги користи резултатите и податоците од рангирањето при креирањето на политики и спроведување на активностите и мерките од обласга на високото образование и науката. | Да се прецизира за што се користат резулатите | види член 24, став 4; член 124, став 1, алинеај 1; |
| Член 47 | | | |
| Член 48 | | | |
| Член 49 | | | |
| Член 50 | | | |
| Член 51 | Покрај условите утврдени во членовите 48 и 50 од овој закон, за основање на приватна високообразовна установа потребно е основачот да приложи неотповиклива банкарска гаранција на прв повик во износ од 100% од школарината за вкупното времетраење на студиите за секој циклус на студии, со која ќе им се надоместат средствата на студентите, заради префрлување на студии на иста или слична високообразовна установа во земјата. | нефер практика | |
| Член 52 | | | |
| Член 53 | ст.7 Владата на проектот за основање на приватна високообразовна установа, може да даде согласност на проектот со што продолжува постапката за основање, може да го врати проектот на дополнување или да не даде согласност на проектот со што постапката се запира. Одлуката на Владата е конечна и против неа може да се поведе управен спор. | Да се дополни со точно дефинирани критериуми. | Давањето моќ на Владата да ја запре постапката без јасно дефинирани критериуми во овој член (освен упатување на управен спор) создава простор за политичка арбитрарност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 54 | ст.1 По донесувањето на закон за основање јавна високообразовна установа, односно основачкиот акт за основање приватна високообразовна установа, министерот надлежен за работите на високото образование именува матична комисија. | Да остане надлежност на Националниот совет | Националниот совет претставува стручен орган, а министерот е дел од извршната власт. Иако членовите коишто министерот ги предлага се професори, самиот факт што политичка фигура (Министер) го врши изборот на луѓето кои ќе ги направат првите вработувања на универзитетот, претставува директен упад во кадровската автономија уште пред установата да почне со работа |
| Член 55 | | | |
| Член 56 | | | |
| Член 57 | | | |
| Член 58 | | | |
| Член 59 | | | |
| Член 60 | | | |
| Член 61 | ст. 2 Предлогот за статусна промена на јавни високообразовни установи од ставот (1) на овој член, до основачот, дава министерството надлежно за работите на високото образование по претходна консултација и мислење на засегнатите установи. Предлог може да даде и самиот јавен универзитет, односно јавната самостојна високообразовна установа. | да се задржат постојните решенија за статусни промени на јавните ВОУ-и (член 75-80 од ЗВО) | Вака поставеното правило е директен и груб упад во автономијата на ВОУ-и. Во ставот не е е дефинирано значењето на претходна консултација и мислење - тие се необврзувачки и МОН може самостојно да одлучи за спојување и раздвојување на јавни универзитети и единици.. Вака дефинирана надлежност на министерот ги изложува ВОУ-и на политичката волја од политички орган. Без образложение се напушта сегашниот концепт на одлучување за изготвување на предлог за статусна промена кој бара квалификувано мнозинство во ВОУ-и и енормно се зголемуваат ингеренциите на министерот |
| Член 62 | | | |
| Член 63 | ст.1 т.1 Високообразовната установа престанува, ако:<br>- основачот утврдил дека престанала потребата од постоење на високообразовната установа, | Одредбата да се се прецизира според кои критериуми и правила ќе се проценува престанокот на потребата од постоење на ВОУ | Ваквата одредба дава дискреција во одлучувањето без прецизни правила и критериуми со што се задира во автономијата и се нарушува правната сигурност |
| член 63 | ст.1 т.2 министерот донел решение за престанок на приватна високообразовната установа согласно член 198 ставовите (1) и (2) од овој закон, | Одредбата да се се прецизира во смисла на забелешки по член 198 | со член 198 се утврдува надлежност на министер за оценка на законитост на работа додека тоа по правило е надлежност на други органи/судови. Дополнително, оценката на исполнетост на услови за вршење дејност е дел од постапки кои ги спроведуваат други органи согласно ЗВО и Закон за квалитет. Не се дефинирани услови и критериуми |
| член 63 | ст.3 Со законот за престанок на јавен универзитет се определува дали некои единици на универзитетот ќе продолжат со работа и ќе се припојат/спојат кон друг универзитет или ќе продолжат да работат како самостојни високообразовни установи | Да се дополни со пропишаниот член од актуелниот закон. | Да се врати дефиницијата од постоечкиот закон според кој ВУ може да реши дали може да продолжи да работи со сопствени средства, без да биде финансирана од средства од основниот Буџет. |
| Член 64 | | | |
| Член 65 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 66 | ст.4 Универзитетот може под условите утврдени со закон и со статутот на универзитетот за вршење на својата дејност да организира универзитетски клинички центар, универзитетска поликлиника, универзитетски спортски центар, универзитетски ветеринарен клинички центар, аграрни универзитетски институти, центри за истражување и континуирано образование како доживотно учење и други форми, по добиена согласност од министерството надлежно за работите на високото образование. | центри за истражување и континуирано образование како доживотно учење и други форми да се префлат во став 3 опција за овој вид на центри по примерот на Центри за кариера да се уреди во посебен член. | Не е иста статусната положба и значењето на центри за истражување и континуирано образование како доживотно учење и други форми како на другите наведени. Во поглед на опцијата доживотното учење, тоа е еден од приниципите на ЗВО осоебно во светло на микрокреденцијали. |
| Чл. 66 | (4)Универзитетот може под услови утврдени со закон и со статут на универзитетот за вршење на својата дејност да организираат универзитетски клинички центар , универзитетска поликлиника, универзитетски спортски центар , универзитетски ветеринарен центар, универзитетски ветеринарен центар,аграрни универзитетски институт, центри за истражување и континуирано образование како континуирано учење и други форми , по добиена согласност од министерството надлежно за работите на високото образование. | Да се избрише „по добиена согласност од министерството надлежно за работите на високото образование“. | Ова е усложнување на и онака сложените административни процедури за формирање тела при единиците. Знаеме дека согласностите од надлежните министерства се добиваат многу бавно. |
| Член 67 | (4) Центрите за кариера имаат обврска да формираат работни групи (од претставници од технички факултети и стопански комори) и да организираат месечни средби со присуство и на претставници од Агенцијата за СДИ за потребите од кадар на пазарот на трудот и намалување на јазот меѓу побарувачката и понудувачката на работна сила. | 1. Да се брише “технички“ 2. Прецизно да се определи Агенција за странски директни инвестиции. | Не е релевантно само за технички факулети туку безмалку за сите подрачја |
| Член 68 | | | |
| Член 69 | | | |
| Член 70 | | | |
| Член 71 | | | |
| Член 72 | (2) Универзитетот или единица во негов состав имаат обврска да склучат најмалку два договора за соработка со универзитет од првите 500 високо рангирани универзитети согласно со Академското рангирање на светски универзитети (Шангајско рангирање –ARWU).<br>(3) Универзитетот или единица во негов состав, имаат обврска да склучат најмалку два договора за двојна диплома (double degree) или заедничка студиска програма (joint degree) со Универзитет од првите 500 високо рангирани универзитети согласно со Академското рангирање на светски универзитети (Шангајско рангирање –ARWU). | неспроведлива одредба | Ниту една ВОУ не може да се наметна на друга ВОУ да склучи со неа договор за соработка или да организира студии. Дури и да остане оваа одредба не е дефинирано во кој рок од стапувањето во сила на законот тоа треба да го напрваи или пто ќе се случи доколку успее на пример само со еден универзиет а не со два, дали ќе се смета дека се исполнети барањата на овој член ако странска ВОУ основа на терирорија на РСМ високообразована установа па со неа домашна ВОУ склучи вакви договори. Ваквите активности на ВОУ наместо да бидат дефинирани во ЗВО како задолжителни обврски, треба да претставуваат стимулација за дополнително вреднување, односно финансирање. |
| Член 73 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 74 | нов ст.12 | Да се дополни со став кој ќе предвиди дека сите материјали по точките за кои одлучуваат сенаторите треба да бидат објавени на сајтот на универзитетот/споделени со членовите на ННС на единиците. | Потребна е поголема транспарентност при донесувањето на одлуките и усвојувањето на актите и навремена информираност за сите процеси на сите членовите на академската заедница. Со вакво решение, кое треба биде детално уредено во статутот на универзитетот, ќе се зајакне транспарентноста и ќе се овозможи ефективна и ефикасна комуникација меѓу избраните претставници на ННС во сенатот и оние кои ги избрале, односно членовите на ННС. |
| Член 75 | ст.1 | Да се измени/дополни со следните:<br>а) одлучува за статусни промени во согласност со овој закон,<br>б) утврдува мислење за престанокот на потребата од постоење на определени единици на универзитетот и за нивното трансформирање; в) во точка 11. наместо да предлага да донесува приоритетна листа за капитални инвестиции на универзитетот;<br>г) да се дополни со - дава мислење на Националниот совет за високо образование и наука по нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната/научната дејност;<br>д) да се дополни со - донесува правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања;<br>ѓ) го донесува општиот акт од член 147 став (4) на овој закон со кој се пропишуваат можните начини на проверка на знаењето на студентите;<br>е) да се додаде на предлог на ректорот избира проректори;<br>ж) избира вршител на должноста ректор согласно со овој закон;<br>з) по точка 9. Да се додаде точка 9а. Усвојува годишна програма за реализација на збирниот финансискиот план на универзитетот во чиј составен дел се годишните програми за реализација на финансиските планови на единиците, а врз основа на општиот акт на универзитетот за услови и критериуми за реализација на финансискиот план на универзитетот. | за а) и Б) согласно предлозите да не се менува надлежноста и постапката за статусни промени и престанок; в) да не се стеснува надлежноста на сенат и програмата за инвестиции и развој да ја носи УС затоа што согласно чл. 87 Универзитетскиот совет врши надзор над извршувањето на дејноста а со ова се даваат ингеренции на Универзитетскиот совет кои директно задираат во автономијата на Универзитетот. Дополнително, се обезбедува транспарентност при распределбата на средствата од основниот буџет, како и на плановите за капитални инвестиции на ниво на универзитетот, односно неговите единици; г) Универзитетите треба да учествуваат во креирањето политики - нормативи и стандарди; д) согласно предлогот посебните услови да ги определува секоја ВОУ како еден од начините за реализација на кадровска автономија, а особено имајќи предвид дека општите услови се прецизно и детално уредени во ЗВО; ѓ) предвидено во член 147, став (4); е) имајќи предвид дека дел од своите прва и обврски ректорот може да пренесе на проректорите согласно член 80, став (1), точка 15 - дава овластување на проректорите за вршење на дел од своите права и обврски, а дополнително во член 82, став (2) предвидено е еден од проекторите да врши должност на ректор. оттука потребено и проректорите да имаат определен легитимитет стекнат преку избори па макар во Сенат; ж) предвидено како налджност во член 82 став 2; з) се обезбедува транспарентност во распределбата на финансиите од основниот буџет меѓу единиците, |
| Член 76 | | | |
| Член 77 | ст.1 Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање за период од четири години, со право на уште еден избор | Да се измени: две години. | Ваквото решение овозможува, од една страна, доволно време претседателот на сенатот да стекне искуство, а од друга, обезбедува поголема демократичност во работењето на сенатот, како и проверливост и отчетност на претседателот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 78 | ст. 5 Универзитетот има најмногу до шест проректори кои ги назначува ректорот од редот на редовните и вонредните професори од единиците на универзитетот, на начин и по постапка утврдени со статутот на универзитетот, при што се води сметка за соодветна застапеност на научните подрачја согласно Националната класификација. Проректорите имаат мандат од 4 години со право на учте еден последователен реизбор. | Бројот на проректори се утврдува со статутот на Универзитетот | Прашање на внатрешна органзиација и на внатрешни потреби. Не е исто за сите универзиети |
| | (2) Во првиот круг од гласањето за ректор е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на наставно-научните совети, научните и наставничките совети кои гласале, доколку на изборите излегле една третина од вкупниот број на членови.<br>(3) Доколку во првиот круг од гласањето за избор на ректор, не излезат една третина од вкупниот број на гласачи, целата изборна постапка се повторува во период од седум дена.<br>(4) Ако за ректор е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласањето не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (2) на овој член, се повторува целата изборна постапка, во период од седум дена.<br>(5) Ако во првиот круг ниту еден кандидат за ректор не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (2) на овој член, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.<br>(6) Вториот круг на гласање се одржува во рок од седум дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето.<br>(7) Во вториот круг на гласање за ректор е избран кандидатот кој добил поголем број гласови. | (2) Во првиот круг од гласањето за ректор е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на наставно-научните совети, научните и наставничките совети.<br>(3) Ако во првиот круг ниту еден кандидат за ректор не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (2) на овој член, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.<br>(4) Вториот круг на гласање се одржува во рок од седум дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето.<br>(5) Во вториот круг на гласање за ректор е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови, доколку на изборите излегле една третина од вкупниот број на членови. (6)<br>Доколку во вториот круг на гласање за ректор не е избран кандидат, постапката се повторува со нови кандидати. Рокот за распишување на новите избори е 7 дена од денот на спроведување на вториот круг избори за ректор на кој не е избран кандидат. | Се брише цензус во прв круг и се брише став 3 и 4 како непотребен. Цензус се воведува во втор круг. |
| Член 80 | став 1, т.3 назначува еден или повеќе проректори од редот на редовните и вонредните професори од единиците на универзитетот, под услови и постапка утвредни со статутот на универзитетот, | да се замени со„ предлага еден или повеќе проректори од редот на редовните и вонредните професори од единиците на универзитетот, под услови и постапка утврдени со статутот на универзитетот, | Имајќи предвид дека Ректорот може дел од своите прва и обврски да пренесе на проректорите (член 80, став (1), точка 15) како и тоа дека во член 82, став (2) предвидено е еден од проректорите да врши должност на ректор при предвремен престанок на мандатор на ректорот |
| Член 81 | ст.1 | Да се дополни:(1) Ректорот е должен еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот, во кој е содржан и детален финансиски извештај за средствата добиени по сите основи, чиј составен дел се извештаите за распределба на средствата по единици, програми и активности. | Обезбедува транспарентност во финансиското работење на универзитетите. |
| Член 82 | | | |
| Член 83 | | | |
| Член 84 | | | |
| Член 85 | | Да се додаде нов член кој ќе предвиди обврска за Ректорската управа да ги објавува јавно на веб страницата на универзитетот информациите за одржаните седници, распоред на одржување, дневен ред и усвоени одлуки и заклучоци. | Потребна е поголема транспарентност во постапката на усвојување на клучни акти и работата на раководните органи на универзитетот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 86 | Од вкупниот број членови на универзитетскиот совет пет члена именува сенатот на универзитетот, од редот на вонредните и редовните професори, од лицата кои не се членови на сенатот, еден член именува универзитетското студентско собрание од редот на студентите; четири члена именува Владата од редот на вонредните и редовните професори од јавните универзитети, на предлог на министерот надлежен за работите од високото образование; и еден член именува Стопанска комора на Северна Македонија. Во работата на универзитетскиот совет учествува и | Да се измени: четири члена именува сенатот...три члена именува универзитетското студентско собрание....; три члена именува Владата. | Согласно европските насоки за зголемено учество на студентите во управувањето на универзитетите |
| Член 86 | ст.3 Мандатот на членовите на универзитетскиот совет трае четири години без право на повторен избор, освен за членовите избрани од редот на студентите на кои мандатот им трае две години без право на повторен избор | Да се смени „четири' со две години и да се спореди со мандатите на студентите | |
| Член 86 | ст.9 Членовите на универзитетскиот совет треба да имаат најмалкку 15 годишно работно искуство и искуство во управување, организација и/или финансии. | Овие критериуми да важат за студентите. | |
| Член 86 | Нов став. | За член на универзитетскиот совет не може да биде избрано лице кое согласно одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа, како и лице именувано на функција во државен орган или единица на локалната самоуправа или избрано во орган на политичка партија. | |
| Член 87 | ст.2 т.3 | да се смени со - дава мислење по програмата за инвестиции и развој | согласно предлогот донесувањето на програмата за инвестиции и развој да е во надлежност на сенатот а заради надзорната функција на Универзитетскиот совет |
| Член 87 | (5)Од редот на редовните професори избира овластено лице за прием на пријави за корупција, (6) Дава мислење за статутот на универзитетот и единиците | да се поместат како алинеи во став 2 на членот | со оглед на тоа дека се прашање за надлежноста на УС која што е уредена со став 2 |
| Член 88 | | | |
| Член 89 | | | |
| Член 90 | | | |
| Член 91 | | | |
| Член 92 | ст.1 т.3 | да се избрише „и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување“ | Во надлежности на сенат нема потврдување на декан. |
| Член 92 | ст.(1) нова точка | да се додаде „по предлог на деканот избира продекани со тајно гласање“ | Имајќи предвид дека деканот може дел од своите прва и обврски да пренесе на продеканите (член 96, став (7), продеканите треба да имаат легитимитет, односно да бидат избрани на ист начин како деканот. |
| Член 92 | ст.(1) нова точка | „му предлага на универзитетот, односно кога тоа е определено со овој закон, на основачот измена или проширување на дејноста во согласност со овој закон | Основно право кое произлегува од автономијата на ВО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 92 | ст.6 За избор и разрешување на декан и за избор на сенатори наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање | да се додаде и за продекани и за ректор | |
| Член 93 | | | |
| Член 94 | | | |
| Член 95 | | Да се допрецизира сегашниот член кој гласи: (5) Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. Извештајот содржи финансиски дел согласно завршната сметка и истиот се објавува на интернет страницата на факултетот. Ако наставно-научниот совет со квалификувано мнозинство, не го прифати извештајот, може да покрене постапка за разрешување на деканот, во согласност со овој закон и статут, при што на деканот му се обезбедува право на изјаснување и право на заштита. | Да се промени со:<br>(5) Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет, и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа во кој е содржан и детален финансиски извештај за средствата добиени по сите основи, чиј составен дел се извештаите за распределба на средствата по програми и активности.<br>Доколку наставно- научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се именува вршител на должноста декан (најдобро едицата да го избере).<br>Истиот ден кога наставно-научниот совет нема да го прифати извештајот за работа на деканот отпочнува постапка за избор на нов декан. |
| Член 96 | ст.4 т.4 | предлага еден или повеќе продекани од редот на наставно научен кадар на факултетот , согласно статутот на факултетот | Имајќи предвид дека деканот може дел од своите прва и обврски да пренесе на продеканите (член 96, став (7), продеканите треба да имаат легитимитет, односно да бидат избрани на ист начин како деканот. |
| Член 96 | ст. (5) Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. Извештајот содржи финансиски дел согласно завршната сметка и истиот се објавува на интернет страницата на факултетот. Ако наставно-научниот совет со квалификувано мнозинство, не го прифати извештајот, може да покрене постапка за разрешување на деканот, во согласност со овој закон и статут, при што на деканот му се обезбедува право на изјаснување и право на заштита. | Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет, и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа во кој е содржан и детален финансиски извештај за средствата добиени по сите основи, чиј составен дел се извештаите за распределба на средствата по програми и активности.<br>Доколку наставно- научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се именува вршител на должноста декан . Вршителот на должност декан е должен во рок од 5 дена да отпочне постапка за избор на нов декан. | |
| Член 96 | ст.5 | Да се брише „право на заштита“. | Не е јасно дефинирано за каква заштита се работи, и остава простор за широко толкување и одземање на правото на органот кој го избрал ННС. |
| Член 97 | ст.2 | да се измени: Факултетот може да има еден или повеќе продекани , кои ги предлага деканот, а ги гласаат членовите на ННУС | Имајќи предвид дека деканот може дел од своите прва и обврски да пренесе на продеканите (член 96, став (7), продеканите треба да имаат легитимитет, односно да бидат избрани на ист начин како деканот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 97 | ст.3 | да се избрише зборовите „назначување на“ | |
| Член 98 | | | |
| Член 99 | | | |
| Член 100 | | | |
| Член 101 | | | |
| Член 102 | | | |
| Член 103 | | | |
| Член 104 | | | |
| Член 105 | ст.1 (1)Деканатската управа, е орган на управување на факултетот и може да има најмалку пет, а најмногу 15 члена. и во неа се членови раководителите на сите инстутити, односно соодветно единици во зависност од внатрешната организација | Да се избрише: „а најмногу 15 члена“ | Ограничувањето на бројот на членови во деканатската управа ги дискриминира внатрешните единици, кои немаат свој член, таму каде што бројот на единици е поголем, односно им се одзема правото на одредени организациски единици да бидат претставени и да учествуваат во управувањето на единицата.. |
| Член 105 | ст.2(2) Составот и начинот на избор на деканатската управа се утврдуваат со статутот на единицата, а во согласност со статутот на универзитетот. | да се врати старото решение: Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици определени со статутот на факултетот, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од две години и најмалку еден член избран од факултетското студенско собрание. | Ова решение ја осигурува демократичноста во управувањето на факултетите од основата. |
| Член 106 | | | |
| Член 107 | ст.2(2) Во одборите за соработка и доверба со јавноста на високообразовните установи членуваат претставници на Владата за јавните високообразовни установи, односно во приватните установи - претставници на основачот, релевантни претставници на деловната заедница или нестопанството од делокругот на студиските програми. | Да се дополни и претставниците на владата да бидат релевнтни за студиските програми | Неопходна е стручност од специфичната област |
| Член 107 | ст.(7) Начинот на функционирање и надлежностите на одборот за соработка и доверба со јавноста ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование со подзаконски акти. | Во ставот јасно да се определат надлежностите за одборот за соработа и доверба со јавност. | Во став 5 е определена основната обврска на одборот - да дава мислење за студиските програми. Со акт на министерот не може да се стеснат или прошират неговите надлежности вон законските. |
| Член 108 | ст.1 | да се прецизира дека станува збор за основниот буџет | имајќи ја предвид структурата на Буџетот треба да се нагласи дека станува збор за основниот Буџет |
| Член 108 | (3) Средствата за финансирање ... и тоа за: остварување на целите на јавните високообразовни установи усогласени со националните акти за стратегиско планирање со мерливи индикатори, | Да се прецизира кој ќе го носи актот/актите за стратегиско планирање на ВОУ имајќи ги предвид специфичните цели и задачи на ВОУ. Во надлежностите на Националнито совет не е предвидено донесување на акт со кој ќе се уредува стратешкото планирање. | Насоките за за подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа се однесуват на министертсвата и на органите на државната управа |
| Член 108 | (3) Средствата за финансирање ... и тоа за: -обврска за годишен извештај за имплементација на целите, | да се изведе во посебен став и да се уреди кој, кому, кога и во која постапка поднесува извештај | алинејата не е соодветно позиционирана и не е доообработена обврската |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Глава 9. | | Во оваа Глава да се прецизира јасно дека трошоците на вработените за реализација на обврските кои произлегуваат од членовите во законот со кои се определуваат условите за избор во звање (објавување статии, проекти, издавање книги и сл.) е обврска на ВОУ, а да се определи дали средства за истите се обезбедуваат од основниот Буџет или од сопствените средства | ЗРО чл. 40<br>Обезбедување на работа Член 40 (1) Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди работа, за којашто страните се договориле во договорот за вработување. (2) Ако поинаку не е договорено, работодавачот на работникот е должен да му ги обезбеди сите потребни средства и работен материјал, за да може непречено да ги исполнува своите обврски и да му овозможи слободен пристап до деловните простории |
| Член 109 | ст.(2) Финансискиот план на јавните високообразовни установи е план за буџетската сметка и планови на сметките од самофинансирачки активности и донации со проекции на приливи и одливи за следните пет буџетски години со вклучена развојна компонента до 20% годишно. | ставот да се прецизира во смисла дека развојната компонента од 20% се однесува на средства од основниот Буџет | Во член 108 определено е дека финансискиот план на основниот буџет треба да содржи развојна компонента, но не е определено во кој износ. Во член 109 е определено дека на сите сметки заедно треба да изнесува до 20%. Ова може да значи дека за постигнување на вкупно 20% развојна компонента на буџетот на сите сметки да се искористуваат во целост средствата од самофинансирачки активности и да не може да се користат овие средства за ништо друго освен за она што е опфатено со развојната компонента. Особено што се наведува што се' ќе се смета за развој со широка листа во која има и преклопување со тековни трошоци, а од друга страна истото е ограничено до 20%, односно 30%, па се поставува прашање дали единиците кои располагаат со скромни сопствени средства ќе можат да ги покријат тековните трошоци од листата и дали воопшто ќе им останат средства за развој. Во поглед на средства од самофинасирање согласно начелата на финансиска автономија ВОУ треба и може самостојно да одлучат колкав процент од средствата ќе ги користат за развој. Ова е спротивно на одредбите на законот кои ја уредуваат финансиската автономија. |
| Член 109 | ст. (9) По исклучок на ставот (8) на овој член, Министерството за финансии може да изврши соодветни измени и порамнувања во финансиските планови за сметките од самофинасирачки активности и донациите, врз основа а во согласност со ставовите (1) и (2) на овој член. | Да се брише. Или да се прецизира дека измените и порамнувањата се прават на барање на ВОУ (меѓу единиците).<br>Порамнување на плановите меѓу универзитетите да се прави согласно ст.10 | Иако во став (7) се вели дека плановите на сметките од самофинансирачките активности се одобруваат во целост, став (8) сепак овозможува тие да се менуваат од страна на МФ. Во светло на одредбите со кои се ограничува развојната компонента и се дава широка листа на трошоци што ќе се сметаат за развојни, ова овозможува пренамена од страна на МФ на дури 70% од средствата од самофинансирачки активности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 109 | ст.(10) (10) Доколку јавните високообразовни установи во тековната година реализирале над 75% од расходите на финасиски план, заклучно со третиот квартал во тековната година, може да се одобри зголемување на финансискиот план заради успешност до 15 % за негова реализација во наредната година. | Да се прецизира аспектот на “успешност” - вака е само поврзана со реализација на планирани расходи<br>Да се прецизира што точно значи зголемување на планот за 15% , дали тоа значи проширување на план и со проширување на буџетската сметка, односно дополнителни средства од основниот буџет?! ? | “Успешност” подразбира надминување на резултати од вкупното работење,а не само правилно искористување на планирани расходи. Дали се однесува и на расходите од сметката од основниот Буџет и што ако реализацијата на плановите од оваа сметка доцни поради ненавремено трансферирање на средствата од страна на МОН? Дополнително, расходите можат намерно да се планираат на пониско ниво за да се надминат во трет квартал.<br><br>Доколку се мисли на надминување на искористеност на сопствените средства, што значи ова во светло на одредбата дека финансиските планови за самофинансирачките активности се одобруваат во целост?! Дополнително, со ограничувањето од 15% оние ВОУ кои обезбедиле средства за проекти во износ поголем од 15% во однос на претходната година, истите нема да може да ги искористат - ваквото ограничување претставува директно ограничување на нивниот развојот. |
| | (2) Од самофинансирачката сметка јавните високообразовните установи издвојуваат до 30% од средствата за: | Нејасна е причината за определување на максимален износ на 30% | |
| член 110 | ст.2 | Да се тргне ограничувањето од 30% и да се преформулира - има удвојување на третманот на расходите – дел од наведените точки се јавуваат и кај развојна компонента која е лимитирана на до 20% а овде е лимитирана до 30%. Особено е потребно прецизирање на точка 8. Ангажирањето кадар за реализација на студиската програма е основен трошок за реализација на програмата кој според 108 треба да се финансира од основниот буџет | Особено што во „развојната“ компонента се ставени трошоци за реализација на дејноста. Поради недавањето согласности за вработување, односно хроничен недостиг на наставен и ненаставен кадар, на факултетите со малку сопствени средства најголемиот дел од средствата оди на плаќања за интеруниверзитетска настава и за лица ангажирани со дооговори за дело. Доколку остане лимитот, тие факултети нема да може да ја реализираат основната дејност, а уште помалку да инвестираат во развој.. |
| | 1) подобрување на наставата и учењето (ИКТ опрема, модернизација на училници и амфитеатри, онлајн платформи за учење, обука на наставен кадар и друго), | дел од развојна компоненета | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2) истражување и научна работа (мали истражувачки проекти, учество на конференции и научни собири, лабораториска опрема и друго), | влегува во реализација на основната дејност и треба да биде финансирано од основниот буџет | ЗРО чл. 40<br>Обезбедување на работа Член 40 (1) Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди работа, за којашто страните се договориле во договорот за вработување. (2) Ако поинаку не е договорено, работодавачот на работникот е должен да му ги обезбеди сите потребни средства и работен материјал, за да може непречено да ги исполнува своите обврски и да му овозможи слободен пристап до деловните простории |
| | 3) лаборатории и специјализирани центри (апаратура, реагенси, одржување на постоечка техника, надградба на специјализирани центри и друго), | според член 108 и член 109 како трошоци за споведување на наставна програма овие (треба да) се финасираат од основен буџет | |
| | 4) студентски стандард и услуги (читални, студентски клубови, финансирање студентски проекти и натпревари, инкубатори и претприемачки програми, психолошки центри и друго), | дел од развојна компоненат | |
| | 5) развој на студиски програми (акредитација, ревизија, нови програми, вклучување на експерти од стопанство и друго), | дел од развојна компонента | |
| | 6) меѓународна соработка (договори, заедничка и двојна диплома, размени на студенти и кадар, организирање конференции, летни школи и друго), | дел од развојна компонената | |
| | 7) инфраструктура и одржување, | нејасно дали се работи за тековно одржување или за капитални инвестиции | |
| | 8) кадар и човечки ресурси (ангажирање асистенти, млади истражувачи и друго), | Ова се тековни активности неопходни за реализација на образовната дејност; дали со оставање можност ВЈУ да ангажираат асистенти од сопствени приходи МОН се ослободува од обврската да дава согласности за вработување асистенти и што со оние единици коишто немаат сопствени средства за плаќање асистенти? | |
| | 9) стимулирање на квалитет и | дел од развојна компонената | |
| Член 110 | 10) права од работен однос на вработените. | тековни активности неопходни за реализација на дејноста | |
| Член 111 | (3) Износот на средства од ставот 3 на овој член е кумулативен со цел подигнување на квалитетот на наставата а се согласно потребите и приоритетите на високообразовната установа за секоја календарска година. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 112 | (1) Високообразовните установи можат да стекнуваат средства и од:<br>- партиципации;<br>- школарини;<br>- вршење на образовни услуги на правни и физички домашни и странски лица;<br>- продавање на научни и стручни услуги и производи на правни и физички домашни и странски лица;<br>- камати;<br>- приходи по основа на права на интелектуална сопственост чиј носител е високообразовна установа;<br>- приходи од вршење на уметничка дејност;<br>- легати, подароци, завештанија, прилози и<br>- други извори согласно закон.<br>(2) Средствата од ставот (1) на овој член, се сопствен приход на високообразовната установа со кој таа слободно располага во согласност со законот и општите акти на високообразовната установа. | номотехнички неуредно | во претходните членови се дефинираат низа услови за користење на сопствените приходи а во 112 се дефинира што се сопствени прходи. Дополнитено сите сопствени проходи не може да имаат ист режим како партиципација и школарина, некои се строго наменски и не може да се користат за "равојната компонента" или нивното користење за одредени работи да биде ограничено на „до 30%" |
| Член 112 | (3) Високообразовните установи се должни најмалку 40% од средствата од партипациите да ги вложат во развој на наставата, научно-истражувачката, односно уметничката дејност и мобилност | Во можна колизија со ограничувањето од максимум 30% за развој. | На единиците кадешто средствата од партиципации и школарини претставуваат единствени или најголем дел од средствата, поради тоа што во развојна компонента се ставени и трошоци за реализација на дејноста, можно е да не може да се стигне минимумот од 40%. |
| Член 113 | | | |
| Член 114 | | | |
| Член 115 | | | |
| Член 116 | | | |
| Член 117 | | | |
| Член 118 | | | |
| Член 119 | | | |
| Член 120 | | | |
| Член 121 | (4А) | После Став (4) да се додаде нов за можност на воведување на постдокторски студии/истражувања | Во сите држави со развиена наука, и не само таму, постојат такви студии/истражувања. |
| Член 121 | (7) Секој циклус на студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии се стекнуваат најмалку 60 ЕКТС кредити. | зборот "најмалку" да се замени со "по правило' | не може сите предмети во една студска програа да имаат ист број на кредити, а кај сите студии потреба е постапност во воведување на содржините. Оттука некоја година/сместар и да е со кредит повеќе или помалку е во ред, се' додека вкупниот број е 180 или 240 или 300 |
| Член 122 | | номотехнички да се уреди | Членот се однесува на прв циклус на академски студии - додипломски студии, а се уредуваат и прашња за упис на стручни студии; членот е долг и опфаќа од услови за запишување преку содржина до дипломирање што може/треба да се подели во различи членови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 123 | (2) На постдипломските студии можат да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, од исто или слично подрачје од ISCED класификацијата. Деталните услови за упис на постдипломските студии се утврдуваат во студиските програми. | (2) На постдипломските студии можат да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус академски студии, од исто или слично подрачје од ISCED класификацијата. Деталните услови за упис на постдипломските студии се утврдуваат во студиските програми. | Не е јасно дали може со завршен прв циклус стручни студии да се запише на втор циклус академски студии? Не би требало |
| 123 | ст.2 | Да се избрише „од исто или слично подрачје“ т.е. да остане старата формулација | Дали ова значи дека нема да се прифаќаат кандидати од други, несродни подрачја? Не би требало да ги ограничуваме кандидатите во однос на нивните интереси за научно надградување и со тоа да го намалуваме бројот на потенцијални кандидати. |
| Член 123 | Член 123, Став (9) Високообразовната установа нема да дозволи одбрана на магистерски труд на кандидат кој пред одбраната на магистерскиот труд нема објавено два научни труда од темата на магистерскиот труд како прв автор. | Да се избрише или преуреди со посебен акт на единицата | Магистерската работа се смета за вовед во научноистражувачката работа и тоа не се докторски студии за да се бара посебна научна актива од тој труд, особено што истите траат една, а не три години. Многу е тешко во една година да се направи сериозна научна работа, а истовремено да се полагаат и голем број на нови испити.Дополнително, времетраењето на изработката на магистерскиот труд од пријавата до одбраната е една година, што го прави барањето за објавување два научни труда нереално и методолошки несоодветно. Затоа е подобро целосно да се избрише, а доколку остане да стои да има објавено еден научен труд и тоа објавен во зборник на факултетот или на сајтот ако нема зборник. Што се однесува до уметничките дисциплини, уметничките дела се она што се научните трудови, но секоја уметничка студиска програма има свои специфики во поглед на делата, а особено во поглед на нивната изведба/јавно прикажување. Кај академските студии по архитектура, главната тежина на магистерскиот труд е комплексен архитектонски проект, додека теоретскиот дел претставува ограничен сегмент од истражувањето. .Да се остави на уредување на носителите на студиските програми. |
| 123 | Ст.(9) Исто како горе | Да се додаде нов став (9а) во кој ќе бидат изземени кандидатите на уметничките студии. | Доколку не се усвои забелешката горе. |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| 123 | 17 | Веројатно треба да се избрише став 17, кој се чини е ставен по грешка во делот кој се однесува на Втор циклус на академски студии - постдипломски студии | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 124 | 1... -да има учество во најмалку 50 меѓународни научноистражувачки проекти, во последните пет години и<br>-наставниот и соработничкиот кадар на универзитетот да има објавено најмалку 500 научни публикации во списанија со фактор на влијание во најмалку три научни подрачја во последните пет години, при што се земаат предвид трудовите објавени со афилијација на универзитетот; | Да се избрише | Бројката од 500 публикации во списанија со имакт фактор во 3 различни области се чини преголема и не остава простор за помали универзитети. Ваквото барање е апсолутно повреда на начелото на пропорционалност во однос на големината на универзитетот.. Условот од 50 меѓународни научноистражувачки проекти и 500 публикации со фактор на влијание е структуриран според модел на природно-технички и медицински науки и не ја зема предвид спецификата на уметничката дејност, со што создава фактичка дискриминација на уметничките високообразовни установи. |
| Член 124 | Став (1), алинеја 1Студиски програми од трет циклус на студии можат да организираат само универзитетите кои...:<br>-се меѓу првите четири рангирани универзитети,... најмалку 15 петнаесет години; | да се тргне ограничувањето од 15 години, односно да мораат да имаат реализирано најмалку едни додопломски и магистерски студии. | Условот 15 години ги става во нерамноправна положба потенцијалните „млади“ а квалитетни универзитети. Дополнително, се олеснува постапка за отворање на ВОУ од првите 500 на Шангајска листа, а истите нема да може да организираат докторски студии 15 години по отпочнувањето со работа!? |
| 124 | Ст. (3) Министерот надлежен за работите на високото образование одлучува по барањето врз основа на поднесената документација од ставот (1) на овој член. Одобрението се обновува на секои пет години, почнувајќи ја постапката една година пред истекот на важноста не одобрението. | Да се преформулира овој дел | За студиските програми не треба да одлучува Министерот кој е претставник на политичка партија, туку стручно тело. |
| Член 125 | ст.(2) Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на соодветни студии од вториот циклус на академски студии од исто или слично подрачје од ISCED... | Да се избрише „од исто или слично подрачје“ т.е. да остане старата формулација | Не би требало да ги ограничуваме кандидатите во однос на нивните интереси за научно надградување и со тоа да го намалуваме бројот на потенцијални кандидати. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 125 | (11) Високообразовната установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено три научни труда од темата на докторскиот труд како прв автор, од кои два со фактор на влијание. | Да се извади предусловот на два труда со фактор на влијание. | 2 труда со имапкт фактор е премногу ограничувачки услов. Тоа само ќе направи да не се запишуваат веќе докторанти.<br>Импакт факторот е индикатор кој доминантно се применува во природно-математичките, техничките и медицинските науки, додека во правните, хуманистичките, уметничките и дел од општествените науки тој не е најрелевантен показател за квалитет. Дополнително, објавувањето во списанија со импакт фактор зависи од уредувачки политики и временски рокови кои се надвор од контрола на кандидатот и на универзитетот, со што правото на одбрана на докторската дисертација се врзува за надворешни, комерцијални фактори, а не за научниот квалитет на трудот.<br>Освен тоа за докторски студии во полето/потполето на уметностите овој критериум не може да се аплицира, без разлика дали станува збор за студии во научни области или за студии во уметнички области. |
| 125 | (12) По исклучок од ставот (11) на овој член, за одбрана на докторски труд од филологијата, фолклорот, археологијата, етнологијата и националната историја, кандидатот пред одбрана на докторскиот труд треба да објави три научни труда од темата на докторскиот труд како прв автор, од кои два во базата на Scopus. | Да се извади базата Scopus. | Во актуелниот закон стои два труда во референтна научна публикација и тоа е доволно.<br>Освен тоа овде се наведува листа на исклучоци за која не е јасно по кој критериум е составена и се чини непотполна. |
| 125 | 11 и 12 | Да се прошири исклучокот и на архитектурата. | Голем број докторски трудови по архитектура се посветени на архитектонското културно наследство, што е од јавен и национален интерес.<br>Публикациската динамика е споредлива со хуманистичките дисциплини, поради што е оправдано архитектурата да биде вклучена. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 125 | 12 | Зборовите „кандидатот пред одбрана на докторскиот труд треба да објави три научни труда од темата на докторскиот труд како прв автор, од кои два во базата на Scopus.“ се менуваат со зборовите: „кандидатот пред одбрана на докторскиот труд треба да објави три научни труда од темата на докторскиот труд во референтна научна публикација како прв автор“. | Во нашата држава има само едно списание за филологија коешто е дел од базата Scopus и излегува двапати годишно, во издание на еден од државните филолошки факултети. Од друга страна, за научни трудови коишто се однесуваат исклучиво на македонистиката (македонски јазик, книжевност и култура) или коишто ги вклучуваат македонскиот јазик, книжевност и култура во паралела, компарација итн. со други јазици, книжевности и култури, заради тоа што станува збор за теми што третираат мало јазично и културно подрачје, а независно од научниот резултат и применетата методологија итн, интересот на странските списанија коишто се малкуброни, може да не е во обем којшто го бара законското решение (докторанти и трудови што се очекуваат од наставниот кадар при изборот во наставно-научно звање). Притоа, мора да се има предвид дека таквите странски списанија, со оглед дека и тие имаат ограничен обем и број на изданија годишно, не би можеле да овозможат толкав простор за автори од една држава и следствено за ист јазик, книжевност и/или култура, како и простор за повеќекратно објавување трудови од ист автор во краток период каков што налага законското решение.<br><br>Едновремено, и посоченото списание од нашата држава, како и списанијата од овој дел на Европа коишто се во оваа база, не може да се очекува дека би можело да овозможи толкав простор за трудови од македонски научници, не само заради |
| 125 | (13) По исклучок од ставот (11) на овој член, за одбрана на докторски труд од уметностите, кандидатот пред одбрана на докторскиот труд треба да објави три труда од темата на докторскиот труд во референтна научна публикација како прв автор или еден труд од темата на докторскиот труд во референтна научна публикација како прв автор и две јавно изведени/прикажани уметнички дела. | По исклучок од ставот (11) на овој член, за одбрана на докторскиот труд од научните области од полето на уметностите кандидатот, пред одбрана на докторскиот труд, треба да објави три труда од темата на докторскиот труд во референтна научна публикација како прв автор. За одбрана на докторскиот труд од уметничките области од полето на уметностите кандидатот треба да објави два труда во референтна научна публикација како прв автор и да има едно јавно изведено/прикажано уметничко дело. | Во Фраскатиевата класификација станува збор за Научно поле Уметности. Како области во научното поле се класифицирани уметнички области, но и научни области (пр. Театрологијата) за која се добива титулата (PhD). Оттаму, неопходно е да се направи дистинкција меѓу овие два типа на докторски студии во истото поле (исто како кај магистерските) и исто како во став 17 од овој член, во кој се ограничува можноста за организирање на само една докторска студиска програма во исто поле/потполе.<br>Дополнително, поради спецификите на различните уметнички области природата и начинот на јавно изведување/прикажување на уметничкото дело да биде уредено од страна на носителите на студиските програми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 125 | ст.(17) За едно научно поле/потполе може да се организира само една докторска студиска програма со модули според областите, освен во случаи на интердисциплинарни студиски програми. | Да се дополни со став 17а во кој ќе се овозможи уметничките факултети да организираат во исто поле/потполе една докторска студиска програма со модули според уметничките области и една студиска програма со модули според научните области . | Согласно Фраскатиевата класификација, треба уметничките факултети треба да имаат можност да бидат носители на два типа на докторски студиски програми за научното потполе за да може да издава дипломи со титула Доктор по уметности и Доктор по Науки: Според Националната класификација науките театрологија и филмлогија се определени како области од трето ниво и суштински се разликуваат од останатите уметнички области на потполето драмски уметноси. Доколку остане ограничувањето за една студиска програма во поле/потполе, да се остави можност во докторските студии од полето на уметностите на различни модули да се доделуваат различни титули (научна и уметничка) |
| 125 | ст.(19) Докторскиот труд од областа на уметностите се состои од два дела: теоретски дел и јавна изведба/прикажување на уметничко дело. | Наместо „од областа на уметностите“ да стои од „ уметничките области“. | Според Националната класификација, меѓу областите од полето/потполињата на уметностите постојат и области коишто се научни, а не уметнички. Пример: театрологија и др. За научните области од полето на уметностите не може да се изработуваат уметнички дела. |
| | | | |
| Член 126 | | Во ЕУ се до 180 ECTS | Индустриските/професионалните доктортати се признаени во Европскиот високообразовен програм (на пр. https://innovationsfonden.dk/sites/default/files/2020-06/guidelines-for-industrial-phd-2020-06-26.pdf) и особено се поддржуваат преку рамковните програми и Акциите Марија Склодовска Кири (https://ec.europa.eu/assets/eac/msca/documents/documentation/publications/finalbrochure_eid_en.pdf). Треба да има простор во ЗВО, со тоа што да се направи дистинкција дека ова се профили за работа во индустријата/деловниот сектор или јавна администрација (став 10 од членот). |
| Член 126 | цел член | да се преработи | номотехнички членот за стручни доктррски студии не може да биде пред стручни студии од први и од втор циклус. Назвот кој се стекнува по праволо е врзан за областа Доктор на бизнис админстација. Проф Д е многу блиску до Проф.Др. |
| Член 127 | | | |
| Член 128 | | | |
| Член 129 | | | |
| Член 130 | | | |
| Член 131 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 132 | (10) Студиски програми за: општа медицина, фармација, ветерина, архитектура, студиски програми за медицински сестри, акушерки, студиски програми за правни студии, студиски програми за одбрана и безбедност и студиски програми за  наставници во основното и средно образование се студиски програми од јавен интерес и може да се организираат само на јавни и јавно-приватни високообразовни установи. | Да се брише. | Дискриминаторски член, арбитрарен избор: ако се вклучени студиите по медицина, зошто не се вклучени студиите по стоматологија; ако се вклучени студиите по архитектура, зошто не се вклучени и студиите по градежно инженерство!? |
| 132 | 9  Студентите на прв циклус студии во текот на студиите задолжително изведува пракса надвор од високообразовната установа, која не може да биде пократка од 30 дена, како еден од условите за дипломирање. | Неприменлив. | Добар предлог, но и досега се покажал како неизводлив, со оглед на можностите на државата. |
| 133 | 1 Студиските програми задолжително се изготвуваат со модули, односно доколку на програмата, студентите кои ги завршиле студиите на прв, втор, односно трет циклус, се стекнуваат со ист академски, односно стручен назив, а различна насока, тогаш таа студиска програма задолжително се изготвува како една студиска програма со различни модули, односно насоки. | Модуларната организација да биде можност, а не задолжителна форма. | Задолжителната модуларност навлегува во академската автономија и не е педагошки оправдана за сите дисциплини.  Законот треба да објасни зошто се препорачува модуларноста и да ја остави одлуката кај универзитетите и факултетите |
| Член 134 | Содржина на студиски програми. | Членот е во контрадикција со член 8 | |
| Член 135 | | | |
| Член 136 | | | |
| Член 137 | | | |
| Член 138 | | | |
| Член 139 | | | |
| Член 140 | ст.1 т.11 - академската студиска програма за архитект задолжително опфаќа петгодишни студии кои завршуваат со успешно полагање на завршен испит и | Академските студиски програми од областа на архитектурата опфаќаат најмалку пет години универзитетско образование, при што начинот на организација и структурата на студиите се утврдуваат од страна на факултетот, согласно националните и меѓународни професионални стандарди. | Европската регулатива за образованието на архитектите го утврдува минималното времетраење на образованието како услов за пристап до професијата (пет години студии или четири години студии со дополнителна професионална пракса), но не пропишува задолжителен курикуларен модел ниту интегрирана организациска форма на студиите. Целта на оваа регулатива е да обезбеди минимален праг на образовна и професионална подготвеност за влез во регулираната професија, а не да ја унифицира внатрешната структура, динамиката или педагошката организација на студиските програми. Начинот на организација на студиите (интегрирани, циклични или комбинирани модели) претставува прашање на академска автономија на универзитетите и факултетите |
| Член 141 | | | |
| Член 142 | | | |
| Член 143 | | | |
| Член 144 | | | |
| Член 145 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 146 | ст.1 ст.2 и ст.3 | Овој член да се преформулира на начин што нема да ја загрозува академската слобода | Вака како што е формулиран во моментов овој член поставува сериозни ограничување на можностите на креирање студиски програми согласно потребите на студентите, современите текови и пазарот на трудот и е во контрадикција со начелото на академска слобода (елементи со кои треба да „дише“ закон за високо обарзование |
| Член 146 | 2 Во случаите од ставот (1) на овој член, студиските програми од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 30 недели годишно. | Да се намали бројот на часови. | Ако се следат светските трендови бројот на часови треба да се намалува, а да се зголемува обемот на индивидуална работа на студентот |
| Член 147 | (2) За исполнувањето на обврски за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот добива оценка изразена во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех. | Да се дополни<br>Оценката содржи информација и за освоените бодови. | Попрецизното оценување е светски тренд. Така работодавачот има појасна претстава за квалификациите на дипломираниот |
| | | | |
| 148 | Предавањата, вежбите, семинарите, индивидуалната настава и другите облици на студиите како и проверката на знаењата може да се релизираат и со платформи за далечинско учење (online), но не повеќе од 10% од вкупниот фонд на часови на предметната програма. | Да се тргне реченицата „но не повеќе од 10% од вкупниот фонд на часови на предметната програма. “ | Да се остави на уредување на универзитетите и единиците како дел од автономијата. |
| Член 150 | | | |
| Член 151 | | | |
| Член 152 | | | |
| Член 153 | | | |
| Член 154 | | | |
| Член 155 | ст.(1), т.2 Вработените на високообразовните установи се:<br>2. лица вработени во стручната и административната служба, стручни соработници (лаборант, виш лаборант, корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент, други стручни соработници), како и помошно-техничките лица (во понатамошниот текст: ненаставен кадар). | Да стои: лица вработени во стручната и административната служба, како и помошно-техничките лица (во понатамошниот текст: ненаставен кадар). | Стручните соработници (лаборант, виш лаборант, корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент, други стручни соработници), се лица коишто се директно вклучени во реализацијата на наставата и истите треба да останат во категоријата соработници, односно наставен кадар. |
| 156 | ст.(7) Демонстраторите имаат право на месечен надоместок утврден со општ акт на единицата, но не помалку од 30% од една минимална плата исплатена по работник во претходната година во Републиката. | Да се избрише „не помалку од 30%.......“ | Иако предложеното решение е праведно, единиците без доволно сопствени средства нема да може да ангажираат демонстратори. |
| 155 | Да се додадат ставовите 6,7,8 на член 160 од актуелниот закон: | Членот 6 од актуелниот закон да гласи: На иста организациска единица на единица на универзитет не можат да бидат избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен;<br>Ставот 7 од актуелниот ЗВО да гласи: „ На иста организациска единица на самостојна висока стручна школа...“ | Поради негативните искуства од праксата во минатото, „антинепотистичкото“ ограничување не треба да се тргне, но истото треба да важи во „разумна“ мера. |
| | | | |
| 156 | ст.4 - По исклучок од ставот (1) на овој член, лице избрано во научно звање согласно со одредбите на Законот за научно-истражувачката дејност, може да врши високообразовна дејност на студии (да се дополни со од прв), втор и трет циклус во согласност со овој закон според еквивалентноста на звањата утврдени во овој закон. | | Ако не се овозможи и на прв циклус да се вклучат овие лица нема да имаме професори за некои предмети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 156 | ст.9 Лицето избрано во наставно-научно, наставно звање и наставно-стручно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавања и вежби најмногу 160 наставни часа (предавања и вежби) на наставни предмети на прв циклус на студии од иста или сродна област на универзитетот на кој засновал работен однос. | Да се  врати ограничувањето со број на предмети. | Ова решение е во правец на нашите заложби за задолжително вработување на професори, со цел да не се претвориме во средношколски професори. Но, ако ова решение остане, голем број факултети нема да може да реализира студиски програми. |
| 157 | 2 нови (последнователни ставови), 1а и 1б | Ст.1а: На факултетот од областа на уметноста или уметничката академија може да се избере уметнички соработник (корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент и слично).<br>Ст. 1б: На факултетите каде што се изведува лабораториска и друг вид стручна настава може да се избере стручен соработник (лаборант и слично). | Уметничките, односно стручните соработници се лица коишто се директно вклучени и неопходни за реализација на предметните програми. Оттаму, потребно е истите да останат во категоријата соработнички кадар. |
| 157 | 4 - ст.4 Лицата избрани во соработничко звање , вработени на јавна високообразовна установа или на јавна научна установа, се ослободени од обврската за плаќање школарина и партиципација за трет циклус студии на јавната високообразовна односно јавна научна установа во РСМ на којашто се запишале на докторски студии. | Да се утврди покривање на трошоците од државниот буџет. | Иако одредбата има легитимна цел да го поддржи академскиот подмладок и да поттикне континуитет во научно-истражувачката дејност, во отсуство на јасно утврден извор на финансирање, финансискиот товар фактички се префрла врз факултетите. Ова создава институционална и буџетска неодржливост, бидејќи јавните високообразовни установи немаат наменски средства за покривање на школарините и трошоците за докторски студии, иако истовремено се обврзани да обезбедат наставен ангажман, менторство и инфраструктура. Затоа е неопходно законот експлицитно да предвиди дека овие трошоци се покриваат од државниот буџет, со цел мерката да биде правично применлива и финансиски издржана. Дополнително, на докторски студии на јавен универзитет може да биде запишано лице вработено на друг јавен универзитет. Во таков случај, според одредбата, трошоците ќе треба да ги сноси универзитетот на кој лицето студира, а не универзитетот на кој лицето е вработено, што може да доведе до тоа наместо поддршка истата да им претставува пречка за „прифаќање“ на кандидатите коишто се вработени на други универзитети. |
| Член 159 | | | |
| Член 160 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Генерална забелешка | 1. Определувањето на условите за избор во звање во поглед на релевантноста на научноистражувачките/уметничките достигнувања, како и определувањето на базите на списанија со фактор на влијание, треба да биде во надлежност на Националниот совет за развој на високо образование и наука. И природата на научноистражувачките/уметничките достигнувања, и базите на списанија со фактор на влијание треба да бидат соодветни на природата и спецификите на различните научни подрачја.<br>2. Одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание, како и одредбите од член 213, ст. (2) и (3), кои се однесуваат на одложената примена на наведените одредби од член 161, да стапат на сила дури откако државата ќе почне да издвојува 2% од Буџетот за научноистражувачки и уметнички проекти, распределени преку независен фонд за научноистражувачки и уметнички проекти. | 1. Проценката за тоа кои научноистражувачки/уметнички резултати се релевантен услов за избор во звање во секое од научните подрачја, како и проценката за тоа кои бази на списанија со фактор на влијание се релевантни за различните научни подрачја е стручно прашање, кое е неотуѓив дел од академската слобода. Дополнително, поради својата комплексност и динамичност, невозможно е оваа материја да се регулира со закон, освен ако законот не се претвори во подзаконски акт/правилник. Оттаму, не е случајно што и во регионот, и во европскиот образовен простор, оваа материја е оставена за уредување или на националните агенции за високо образование и наука, или на самите универзитети. 2. Резултатите од научноистражувачката дејност во една држава се производ на нејзината стратешка определба за развој на науката и на индивидуалните капацитети и залагања на научноистражувачкиот кадар. Не може да се очекуваат резултати од научноистражувачкиот кадар доколку државата не почне да инвестира сериозни средства во научноистражувачки проекти и не обезбеди институционална рамка за нивна објективна распределба со инволвирање на меѓународни евалуатори. |
| Член 161 | ст.(1) т.1; ст.(2) т.1; ст.(3) т.1<br>Во наставно-научно звање ..., може да биде избрано лице кое:<br><br>1. има остварено кумултивно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите на прв и втор циклус, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно член 140 од овој закон, пред воведувањето на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус, за регулираните професии од член 140 од овој закон, | Да гласи: „... има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус академски студии за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус.“ | Студиите од прв циклус претставуваат основа за понатамошна научно-истражувачка и наставно-научна кариера, при што условот за просечен успех од најмалку 8,00 обезбедува кандидатите да поседуваат стабилни теоретски знаења, да покажат континуитет во академските постигнувања и да се спречи „компензирање“ на послаб успех меѓу различни циклуси. Ако остане овој предлог тогаш се овозможува во наставно-научно звање да биде избрано лице кое, на пример, завршило прв циклус со просечен успех 6 и втор циклус со просечен успех 10 (кумулативен просек 8). Од една страна се воведуваат конкретни услови за избор во звања, а од друга страна се дозволува на кадар кој има многу мал просек на студирање во првиот циклус, дури и со 6, да биде избран во наставно-научно звање.Ова претставува голем апсурд! |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 161 | Општи услови за избор во наставно-научни звања. Член 161. Став (1), Алинеја 3: да има најмалку три години искуство во звањето асистент, | Да се брише. | Со предвиденото решение се оневозможува за доцент да биде избрано лице кое претходно студирало во странство (дури на најпрестижни светски универзитети) и постигнал огромен успех во студиите (прв, втор, трет циклус) и огромен успех во научноистражувачката работа. Или пак да работел во стопанството и да остварил голем успех во научноистражувачката работа. |
| 161 | ст.1 т.3 | Да се  избрише точка 3 | Законскиот услов за задолжителен предходен стаж од три години во звање асистент не е стандардна практика во државите членки на Европската унија меѓудругото. Изборот во звање доцент може да се темели и на докторат, научни резултати и наставни резултати итн. Поради досегашната рестриктивна пракса за вработување подмладок, голем број ВОУ имаат професори коишто треба наскоро да заминат во пензија, а немаат вработено асистенти коишто ќе можат да ги заменат или, пак, асистентите немаат исполнето услови за избор во наставно звање (год. стаж и сл.). |
| Член 161 | 3. да има најмалку три години искуство во звањето асистент | да се отстрани условот за најмалку три години искуство во звањето асистент | Критериумот за задолжително најмалку три години искуство во звањето асистент е проблематичен бидејќи претставува формална бариера што не е директен показател за академска зрелост и научна извонредност, го забавува напредувањето на квалитетни кадри, особено на оние кои доаѓаат од друга средина (на пример странство, или пак биле докторанди ангажирани преку проект - што сега се регулира во член 11) и не овозможува вреднување на реалните постигнувања, кои треба да бидат основен критериум за избор во звањето доцент. |
| 161 | ст.1 т.3 | Да не се ограничува бројот на години искуство за асистент, да се дополни со лектор и виш лектор или точката да целосно се избрише. | Да се постави ваков услов за избор во звање доцент е контрапродуктивно во услови на се помалуброен наставне кадар на универзитетите.  Дополнително, оваа точка имплицира дека лекторите и вишите лектори нема да може да се избираат во доценти, што е редовна пракса на Филолошкиот факултет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 161 | ст.1 т.3. да има најмалку три години искуство во звањето асистент, | Алинеја 3 од став 1 се брише. | Предвидениот услов во наставно-научно звање доцент да може да биде избрано само лице кое претходно има најмалку три години искуство во звањето асистент, може да доведе до сериозни проблеми со неопфаќање на највалитетниот кадар, но на среден рок, имајќи ја превид и старосната структура на професорите на филолошките факултети, и со недостиг на кадар со потребното звање за остварување на наставата, што би значело нејзин прекин.<br><br>Ваквата одредба оневозможува на нашите факултети, како доценти да бидат вработени квалитетни кадри што своето образование го оствариле или дооформиле на странски универзитети (што во делот на филологијата се однесува пред сè на странскојазичните наставни групи), затоа што не може да се очекува дека докторант на странски универзитет, едновремено може да биде и асистент во нашата држава.<br><br>Треба да се има предвид и дека повеќе од две децении, филолошките факултети во земјата немаат позначајно зголемување на кадровскиот потенцијал со помлад кадар, ниту со нови доценти и професори надвор од оние што веќе имале пониски соработнички и наставно-научни звања, а биле во работен однос на факултетите. Во исто време, има кадри што се занимаваат со наставно-научна дејност и студираат на втор и трет циклус студии. Ако по донесувањето на овој закон се инсистира на посочената одредба, со оглед на тоа што во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 161 | од 1 до 4 | Во член 161 ставови (1)–(4), условите за избор во наставно-научни звања да се дефинираат без експлицитно именување на конкретни библиографски или цитатни бази и без задолжително утврдување на поединечни библиометриски индикатори во самиот закон. Наместо тоа, законот да утврди дека научната продукција се вреднува врз основа на општи и објективни критериуми како што се рецензираноста, научниот квалитет, меѓународната релевантност и континуитетот на публикување, при што конкретните бази, индикатори и квантитативни прагови се уредуваат со подзаконски акти или институционални правилници, во согласност со дисциплинарните специфики. Дополнително, при утврдување на минималниот број на трудови, потребно е критериумите да бидат усогласени со реалните рокови и динамиката на меѓународниот процес на рецензирање и публикување, со цел да се обезбеди остварлив и квалитативно заснован напредок во наставно-научните звања | Именувањето конкретни комерцијални библиографски бази и задолжителни библиометриски индикатори (како h-индекс) директно во законска одредба е методолошки и системски нефлексибилно. Научните дисциплини имаат различни модели на публикување, цитирање и меѓународна видливост, а самото научно издаваштво е динамично и подложно на постојани промени. Затоа, критериумите за научна продукција во законот треба да се дефинираат преку општи и објективни карактеристики – како што се рецензираност, научен квалитет, меѓународна релевантност и континуитет на публикување – додека конкретните бази, индикатори и квантитативни прагови треба да се уредуваат со подзаконски акти или институционални правилници, кои можат да водат сметка за специфичностите на поединечните научни области. Ваквиот пристап не значи укинување на критериумите, туку овозможува нивно попрецизно, правично и дисциплинарно соодветно дефинирање, без законска ригидност која може да доведе до исклучување на цели научни области. |
| 161 | од ст.1 - ст. 4 | Да се избрише условот за задолжително објавување во списанија со фактор на влијание (Web of Science/Scopus) и h-индекс.<br><br>Во условите за избор да се наведе дека научниот придонес се утврдува врз основа на објавени или прифатени за објавување научни трудови во релевантни научни изданија: научни списанија, рецензирани зборници и зборници од меѓународни конференции и научни книги или поглавја во книги со меѓународен уредувачки одбор. | Условите за цитираност не се соодветни за сите научни области, особено за филолошките и хуманистичките науки и не се во согласност со европската академска практика за избор во доцент.<br>Постои опасност од хиперпродукција на научни трудови, често со фрагментирани резултати и минимален научен и практичен придонес.<br>Постои опасност од инструментализација на научното публикување како средство за опстанок во звањето, наместо како резултат на зрела и континуирана научна работа може да доведе до:<br>–ослабување на научниот подмладок,<br>–недоволна мотивација за докторирање и напредување,<br>–нарушување на континуитетот во развојот на катедрите.<br>h-индексот во ЕУ, доколку се зема предвид, има информативна, а не нормативна улога и не се користи како услов за избор поради разлики меѓу научните области, дискриминирачки ефект врз хуманистиката и општествените науки, фаворизирање квантитет наместо квалитет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 161 | од ст.(1) - ст.(4) | Да се тргне „ од кои најмалку ... во списание со фактор на влијание (Web of Science), во последните ... години пред објавување на огласот за избор и најмалку h - индекс ... “ | Многу престижни европски универзитети, како што е Сорбона на пример, излегуваат од Web of Science, во име на политиката на отворена наука и транспарентности на истражувачките податоци и слободниот пристап до нив. Дополнително, наведувањето на Web of Science во закон, според македонското законодавство претставува фаворизирање на приватна компанија и истото е во колизија со позитивните прописи во државата за зашита од нелојална конкурeција, како и со Законот за заштита на конкуренција.<br>Обврзувачкиот индекс наведен овде е проблематичен, особено во подрачјето на хуманистичките науки каде тој не е толку висок. Освен тоа „h – индексот“ никаде не е дефиниран во законот. Доколку не се прифати тој да се извади од овие критериуми, би требало точно да се наведе за кој „h – индекс“ се работи, зашто тој е најчесто различен во разни бази на податоци (на пример оној од web of science, Scopus ili google scholar…). |
| 161 | ст.2 и 3 | Да се избрише условот за задолжително објавување во списанија со фактор на влијание (Web of Science/Scopus) и h-индекс.<br><br>Во условите за избор да се наведе дека научниот придонес се утврдува врз основа на објавени или прифатени за објавување научни трудови во релевантни научни изданија: научни списанија, рецензирани зборници и зборници од меѓународни конференции и научни книги или поглавја во книги со меѓународен уредувачки одбор. | При избор во вонреден професор релевантниот научен придонес во повеќето научни области се остварува преку различни форми на публикации, што е во согласност со европската академска практика.<br>Овој услов може да има негативни последици врз: работата со подмладокот (асистенти, докторанди, млади истражувачи), која бара време, континуитет и академска посветеност; квалитетот и осовременувањето на наставата, особено во хуманистичките и општествените науки, каде што современата настава подразбира континуирано следење на методолошки иновации и развој на критичката мисла кај студентите; развојот на менторската улога на редовниот професор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 161 | ст.3 | Да се избрише условот за задолжително објавување во списанија со фактор на влијание (Web of Science/Scopus) и h-индекс.<br><br>Во условите за избор да се наведе дека научниот придонес се утврдува врз основа на објавени или прифатени за објавување научни трудови во релевантни научни изданија: научни списанија, рецензирани зборници и зборници од меѓународни конференции и научни книги или поглавја во книги со меѓународен уредувачки одбор. | Изборот во редовен професор се темели на квалитативен и зрел научен придонес, а не на дополнително зголемени квантитативни индикатори.<br>Наместо да го зајакне квалитетот, овој услов создава ризик редовниот професор да стане администратор на сопственото CV, а не наставен и научен авторитет.<br>h-индексот во ЕУ, доколку се зема предвид, има информативна, а не нормативна улога и не се користи како услов за избор поради разлики меѓу научните области, дискриминирачки ефект врз хуманистиката и општествените науки, фаворизирање на квантитет наместо квалитет. |
| 161 | ст.4 т. 2 | Да се избрише условот за задолжително објавување во списанија со фактор на влијание (Web of Science/Scopus) и h-индекс. | Реизборот не смее да биде построг од изборот во истото звање, што е спротивно на европската академска практика.<br>Редовниот професор по својата природа треба да биде: стабилизирачки фактор во високото образование, носител на институционална меморија, наставна зрелост и менторска одговорност, а не постојано „условен“ субјект под притисок на реизборни рокови и индикатори.<br>Повторниот избор треба да има развојна, а не санкциска функција, без автоматска закана од губење на звањето и работното место.<br>Воведувањето на задолжителен индекс на цитирање (h-индекс) како формален и квантификуван услов за избор во звање не е усогласено со академската практика во поголемиот дел од земјите на Европската Унија, каде што ваквите библиометриски индикатори, доколку се користат, имаат исклучиво индикативен, а не нормативен карактер. Нивната нормативна примена особено е проблематична во хуманистичките и општествените науки, поради суштинските разлики во моделите на публикување, цитирање и научна комуникација. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 161 | ст.(1) т.4 - има објавени или прифатени за објавување најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку три во списание со фактор на влијание (Web of Science), во последните пет години пред објавување на огласот за избор и најмалку h - индекс 3 | да се отстрани условот за h-индекс | Условот за минимален h-индекс не треба да биде законска категорија бидејќи претставува динамичен, дисциплински зависен и методолошки ограничен библиометриски индикатор, кој не обезбедува еднаков и правично применлив критериум за оценување на научната извонредност во сите научни области. h-индексот значително варира меѓу разни подрачја и области (природни, технички, медицински, земјоделски, општествени и хуманистички науки), потоа е чувствителен на големината на научните заедници и на практиките на цитирање и ги става во нерамноправна положба младите истражувачи, интердисциплинарните области и национално релевантните истражувања. Дополнително, ваков квантитативен индикатор е несоодветен за законско ниво, бидејќи не ја оценува содржинската вредност, оригиналноста и општествениот придонес на научниот труд и поради тоа евентуално може да биде предмет на пофлексибилна академска регулација (правилници, критериуми по области или други интерни акти), а не на крута законска норма. |
| 161 | Член 161, став 2, точка 3<br>став 3, точка 3<br>став 4, точка 2 | Да се намалат индексите согласно реалната состојба со различни научни области. | Овој е услов е недостижен за истражувањата од областа на филологијата. Имено, природата на истражувањата и трудовите е таква да не овозможува толку голем индекс на цитираност. Најцитираните колеги кои веќе се изрбрани за редовни професори по стариот закон, имаат h индекс многу помал од 11. Со овој услов се доведуваме во ситуација да нема напредување на кадарот или губење на кадар, што е уште полошо. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 161 | ст.5 т.5 | Зборовите: „Условите од ставот (1) точка 4, ставот (2) точка 3 и ставот (3) точка 3 и ставот (4) точка 2 на овој член, што се однесуваат на објавени трудови при избор во звања од филологијата, фолклорот, археологијата, етнологијата и националната историја, се сметаат за исполнети со прифаќање и објавување на трудови и во базата на Scopus“ се менуваат со зборовите: „(5) Условите од ставот (1) точка 4, ставот (2) точка 3 и ставот (3) точка 3 и ставот (4) точка 2 на овој член, што се однесуваат на објавени трудови при избор во звања од филологијата, фолклорот, археологијата, етнологијата и националната историја, се сметаат за исполнети со прифаќање и објавување на трудови во референтни научни публикации и надвор од базата Web of Science.“<br><br>Дополнување на одредба: „условите за h-индекс од ставот (1) точка 4, ставот (2) точка 3 и ставот (3) точка 3 и ставот (4) точка 2 на овој член не важат при избор во звања од филологијата, фолклорот, археологијата, ентологијата и националната историја“. | Во однос на базата Scopus и неостварливоста на предвидените услови во Законот поврзани со неа, соодветно образложение е дадено во делот за измена на чл. 125. Дополнително кон тоа образложение, треба да се има предвид дека процесот на објавување во најголемиот дел од списанијата што се во таа база подразбира поголем временски период од доставување на труот од авторот до одговор од редакциите, што е и очекувано, но за конкретните области, треба да се има предвид дека ако одговорот е негативен заради немање интерес за темите на трудовите или немање компетентни рецензенти (или рецензија од рецензенти со недоволно познавања), необјавувањето на трудот покрај на самиот развој на институциите (и на кандидатите), може да наштети и на развојот на научната мисла (пред сè македонистичка), затоа што научните резултати нема да ѝ бидат достапни на научната јавност, што не е од национален интерес.<br><br>Дополнително, треба да се има предвид дека условите за h-индекс се целосно неостварливи за посочените области, бидејќи во најголем дел, за темите на интерес и истражување во посочените области пишуваат автори од нашата држава, при што не само што нема бројност на кадар што би одговорил на очекуваното, туку неспорно, секој истражувач во одделен период има различни теми на истражување од оние на своите колеги (не може да се очекува насоченост само кон неколку теми во период од пет или десет години од сите |
| 161 | ст.3 т. 5 | Да се избрише учеството во проекти како услов за избор во звање. | Во земјите- членки на ЕУ изборот во звање не е условен со државни проектни одлуки, туку со квалитативна оценка на научниот и наставниот придонес.<br>Се спречува индиректно мешање на државните институции во академските постапки, се зајакнува автономијата на универзитетите и се обезбедува вреднување засновано исклучиво на научен и наставен квалитет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 161 | ст 4, т. 4 и 5 | Овие услови да се формулираат согласно реалноста во однос на интересот за хуманистичките науки или да се избиршат од законот | Овие се услов е недостижни за научници од обласtа на филологијата. Во услови кога на глобално ниво интересот за хуманситичките науки опаѓа, нема голем број на кандидати кои се запишуваат на 2 или 3 циклус. Наставниците не по своја вина немаат менторства, а некои студиски програми не се ни активни. Исто така, имајќи ја предвид сумата на средства што се издвојува за научни истражувања, нереално е да се очекува дека за повторен избор во звањето редовен професор некој ќе може да биде носител на дури 3 апликации за меѓународни проекти. |
| 161 | ст.4 т.5 | Условот е несразмерен и нефункционален, не е јасно како би се реализирале сите проекти доколку би биле одобрени од МОН, ниту со кои човечки и финансиски ресурси. | Во земјите- членки на Европската Унија изборите и реизборите во звања не се условени со државни одлуки за проекти, туку со квалитативна оценка на научниот и наставниот придонес. |
| | | | |
| 161 | Да се преформулира членот во целост | Посебни услови за избор во звање не треба да стојат во ЗВО. Тие може да се опишат поспецифично со интерни акти или акти на Националниот совет. Може да стојат општи формулации, какво општо ниво на компетенции и постигнати резултати треба да има вработениот. Исто така треба да се дефинира колку работни часови се потребни за реализација на една активност. | |
| Член 162 | Член 161 и Член 162 | Да се осмисли начин да не дојде до масовно допишување на коавтори во еден труд. | Имено, можно е да има големо допишување на коавтори во трудовите и со исти трудови тие коавтори да конкурираат за избори/реизбори. На таков начин ќе дојде до големо зголемување на бројот на коавтори во трудовите, а вкупниот број на трудови објавени во списанија со фактор на влијание да не се зголеми. |
| Член 162, ст (1) т.1; ст (2) т.1; ст (3) т.1 | … има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус | Да гласи: „има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус академски студии за секој циклус посебно." | Академските студии претставуваат основа за понатамошна научно-истражувачка и наставно-научна кариера, при што условот за просечен успех од најмалку 8,00 обезбедува кандидатите да поседуваат стабилни теоретски знаења, да покажат континуитет во академските постигнувања и да се спречи „компензирање" на послаб успех меѓу различни циклуси. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 162 | ст.2 т.3 | да се избрише оваа точка | Законскиот услов за задолжителен предходен стаж од три години во звање асистент не е стандардна практика во државите членки на Европската унија меѓу другото. Изборот во звање доцент може да се темели и на уметнички достигнувања и друга педагошка пракса вон дотичниот факултет . Поради досегашната рестриктивна пракса за вработување подмладок, голем број ВОУ имаат професори коишто треба наскоро да заминат во пензија, а немаат вработено асистенти коишто ќе можат да ги заменат или, пак, асистентите немаат исполнето услови за избор во наставно звање (год. стаж и сл.). |
| 162 | ст.1 т.2/ ст.2 т.2/ ст.3т.2 | По зборот „науки' да се додадат зборовите „магистар по уметности' | Во меѓународната пракса на реномирани филмски академии, изборот во наставни звања во уметничките области не се темели задолжително на докторски студии, туку пред сè на уметничкиот опус и професионалните достигнувања. На академии како FAMU во Прага, NYU Tisch School of the Arts во Њујорк, како и на филмските факултети во Букурешт, Загреб и Словенија, во практичните дисциплини докторскиот степен не е единствен или задолжителен услов за напредување во звања.<br><br>Овие примери покажуваат дека наставата во уметничките области ја водат активни професионалци со значајни уметнички резултати, што е во согласност со природата на уметничките професии. Затоа, докторските студии не треба да бидат задолжителен услов за напредување во практичните уметнички звања, туку треба да остане решението како во актуелниот закон, каде што напредувањето се темели на уметнички опус и професионална активност.<br><br>Дополнително, во нашата земја нема докторските студии во сите уметнички области или, пак, се организираат со ограничен број места. Во случаи кога нема слободни места во конкретната област, асистент кој има краток рок до реизбор се наоѓа во ситуација во која не може да докторира, а со тоа го губи правото на напредување. Со предложената измена ќе се спречи недостиг на наставен кадар во практичните предмети и ќе се обезбеди непречено одвивање на наставата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 162 | ст. (1) т.4 (2) т.3 (3) т.3 и (4) т.2 | “...авторство во уметнички дела во согласност со професионалните стандарди на уметничката област...” | Одредбата во предлогот би можела и да остане, но прецизирањето би исклучило евентуално повикување на прилично рестриктивни одредби во Закон за авторско право, на пр. актери, театарски режисери, продуценти не се наведени како автори или оние што имаат авторски придонес, туку во изведувачи. |
| 162 | ст. (1) т.4 (2) т.3 (3) т.3 | Да се тргне квантитативното определување на уметничките дела потребни за избор.<br><br>Бројот на уметничките дела да биде соодветен со обемот и сложеноста на уметничките дела, а истото да се уреди во подзаконскиот акт на ВОУ за посебни услови за избор во звање. | Квантитаивното определување на уметничките дела потребни за избор не може да ја отслика вредноста по обем и сложеност на различните типови уметности дела (театар филм, улога...). Пример: целовечерен игран филм е неспоредлив по обем и сложеност со други уметнички дела и процесот на негова изработка трае најмалку 5 години. Доколку остане квантитативно определениот услов, тоа ќе доведе до „раситнување на творештвото“, односно тоа ќе претставува демотивација за творење на дела кои бараат долгогодишен ангажман и големи ресурси. |
| 162 | ст.4 т.2 | Печатна грешка во делот на уметничките - наместо 5 треба да биде 7 години | |
| Член 166 | во последните пет години пред објавување на огласот за избор или има авто рство во | | Нема логика за избор на лектор и виш лектор да се бара просечен успех, а за сите дуги кумулативен успех. |
| Член 168 | или во странство во последните пет години пред објавување на огласот за из бор; | | |
| 168 и 169 | ст.1 т.2 / ст.4 т.3 има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите на првиот и вториот циклус на академски студии, | „има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус академски студии за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус.“ | Академските студии претставуваат основа за понатамошна научно-истражувачка и наставно-научна кариера, при што условот за просечен успех од најмалку 8,00 обезбедува кандидатите да поседуваат стабилни теоретски знаења, да покажат континуитет во академските постигнувања и да се спречи „компензирање“ на послаб успех меѓу различни циклуси. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 170 | (8) На лицето кое како прв автор објавило поголем број на научни трудови во списание со фактор на влијание во базата на Web of Science од предвидените научни трудови за избор во звање платата му се зголемува 10%, за период од една година од денот на изборот во звање, за што носи решение деканот, односно директорот. | | Во принцип авторот за коресподенција е носител на трудот, а не првиот автор. Авторот за коресподенција е најчесто последен по редослед во трудот.<br><br>Но вака предложеното решение има и доста недостатоци. Имено, автори на трудот (значи тим) се сите оние кои се дел од истиот, а не само првиот автор и авторот за коресподенција и сите треба да имаат додаток на платата (вкупната сума делена на бројот на автори по некој коефициент, така нема да има допишување на автори без потреба и без нивен значаен допринос во работата на трудот). Самата сума од зголемување на платата од само 10 % е многу мала, треба да има градација до 30 %. Ваквото зголемување на платата од 10 до 30 % ќе делува многу стимулирачки на сите вработени од наставниот и стручен кадар да работат и објавуваат повеќе трудови во списанија со фактор на влијание. Не е дефинирано на чиј товар ќе падне исплатата на зголемувањето. Доколку остане на товар на ВОУ, вработените на единиците кои немаат доволно сопствени средства нема да може да бидат наградени.Треба да се изнајде ефикасен начин како сите тие ќе се плаќаат, според коефициенти или слично од определената плата од МОН т.е. согалсно Табелата дадена во законот или нешто слично... |
| Член 170 | ст.8 | Да се прецизира.<br><br>Да се додаде став за наградување на успешните уметници, како и за оние полиња/области коишто се исклучени од обврската за трудови во наведените бази. | Повторно се дискриминираат вработените во уметничките области, како и вработените во подрачјата/полињата/областите за кои списанијата од базата на Web of Science не се релевантни. |
| Член 171 | Коефициентот за исплата на плата од основната буџетска сметка се утврдува според следниов начин | По зборовите се утврдува “ да се додаде зборот „најмалку“. | Да може да се зголемуваат коефициентите со колективни договори. Доколку остане само на овие коефициенти за неопределено време, инфлацијата може да ја „изеде“ вредноста на платите. |
| Член 172 | | | |
| Член 173 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 174 | ст.15 т.1 (15) Изборот на лица во соработничко звање на високообразовните установи се врши по следните категории на приоритет:<br><br>1. а лице кое се стекнало со универзитетска диплома од соодветно поле, на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата Academic ranking of World University Shangai Xiao Tong (ARWU). | Да се избрише точката или да се преформулираат со критериуми. | Ова претставува фаворизирање на странските кадри во однос на тие од земјата. Колку и да се неоспорни добрите рефернци на универзитетите на кои студирале, можно е и на тие универзитети да се дипломира со минимален успех, па не е фер, во однос на домашниот кадар со одличен успех и постигнувања, да им се дава приоритет при вработувањето. Дополнително, ваквото решение имплицира дека и најлошиот студент од универзитетите на Шангајската листа е подобар од најдобриот студент на еден домашен универзитет. На тој начин се деградираат и се дискриминираат сопствените кадри и високообразовни установи. |
| 174 | ст. (15) и (17) (15) Изборот на лица во соработничко звање на високообразовните установи се врши по следните категории на приоритет:<br><br>1. а лице кое се стекнало со универзитетска диплома од соодветно поле, на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата Academic ranking of World University Shangai Xiao Tong (ARWU).<br>(17) Лице кое веќе има стекнато наставно-научно, научно или соработничко звање на високообразовна или научна установа во странство на уиверзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата Academic ranking of World University Shangai Xiao Tong (ARWU) има право да заснова работен однос без конкурс, по добиена согласност за вработување од Министерството надлежно за работите на високото образование и науката и Министерство за финансии, во исто или еквивалентно звање. | Во член 174 ставови (15) и (17) да се прецизира дека утврдените приоритетни категории и можноста за засновање работен однос без конкурс не ја заменуваат редовната постапка за избор во звање, ниту пак ја исклучуваат потребата од претходна согласност и иницијатива од организационата единица (факултетот) каде се планира вработувањето, како и спроведување на постапка на стручно вреднување. | Иако целта на овие одредби е препознатлива и позитивна – заштита, задржување и евентуално враќање на квалитетни академски кадри – нивната примена во форма на автоматизам претставува упад во кадровската и академската автономија на високообразовните установи. Рецензентската комисија и стручната постапка за избор се суштински механизми за проценка на научната, наставната и професионалната соодветнос на кандидатот и не смеат да бидат анулирани со формални критериуми. Дополнително, потребите за вработување мора да произлегуваат од реалните академски и кадровски потреби на единицата каде се заснова работниот однос, а не да се активираат автоматски врз основа на надворешни приоритети. Таквите кадри се добредојдени на универзитетите, но само низ фер процедура која ќе биде иста за сите кандидати, со поденакви услови. |
| Член 175 | Ст. (2) Лице избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање кое засновало работен однос на јавна високообразовна, односно јавна научна установа може да премине и да заснова работен однос на друга јавна високообразовна, односно јавна научна установа со спогодба склучена помеѓу двете високообразовни установи и лицето кое преминува, при што заснова работен однос во исто, односно еквиваленто звање | Да се додаде ...а по претходна одлука на ННС донесена во иста постапка како онаа за избор во звање. | Дополнувањето да се додаде во надлежности на ННС. Образложение: Доколку не се вклучи ННС, деканот ќе има дискрециона можност со спогодба да презема кадри кои не би биле избрани на ННС или, пак не ги исполнуваат посебните услови на универзитетот. |
| Член 176 | | . | |
| Член 177 | | | |
| Член 178 | | | |
| Член 179 | ст.1 т.1 На лицето избрано во ... звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано: - ако се утврди дека подолго од шест месеци не ги исполнува педагошките и другите обврски утврдени од високообразовната установа, | Да се наведе постапката: кој и како утврдува. | Дали оваа точка упатува на дисциплинска постапка уредена во ЗРО? |
| Член 180 | | | |
| Член 181 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 182 а | нов член | Да се додаде нов член кој гласи:<br>афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во соработничко и наставно-научно звање можат да се избираат на универзитетот во звањето насловен асистент, насловен доцент или насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени со овој закон. | 1.Поради рестриктивната пракса на давање согласности за вработување на наставен кадар, а особено на асистенти, ВОУ се доведени во ситуација да не може да ги реализираат студиските програми без учество на лица кои не се вработени. Особено важно е ВОУ да имаат право да бираат асистени во насловни звања, земајќи ја предвид старосната структура на вработените наставници и динамиката на вработувања асистенти.<br>Дополнително, нерационално е да се вработуваат лица за предметни содржини кои се неопходни за студиската програма, а имаат мал број часови. Со можноста за избор на лица во насловни звања се обезбедува:<br>1. Континуитет во кадровската екипираност на ВОУ и реализација на студиските програми.<br>2. Заштеди во Буџетот. |
| Член 183 | | | |
| Член 184 | | | |
| 185 | ст.2 Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број на наставници на универзитетот | Да се дополни: ...при што се води сметка за нивната соодветна распределеност по подрачјата. | |
| Член 185 | Член 185, Став (6): Лицата избрани во звањето професор емеритус, кои во текот на кариерата објавиле и имале академски статус (Visiting professor, visiting scholar, post doctoral fellow, research fellow) на еден од 500-те Униврзитети според Academic ranking of World University Shangai Xiao Tong (ARWU), имаат право на месечен надомест во висина од 30% од платата на редовен професор, кој се исплаќа од сопствени средства на универзитетот. | За избор на професор емеритус да се бара да има актива најмалку иста како онаа за реизбор во редовен професор. | Согласно Член 161 за реизбор во редовен професор се бара кандидатот да има најмалу 15 (3 + 4 + 4 + 4) труда со фактор на влијание и h –индекс најмалку 11. Додека за избор на професор емеритус, тоа е најголемото почесно звање, се бара да има најмалку пет труда во индексирана база на Web of Science. Ова е нелогично и неправедно. |
| 185 | ст.7 | Да се тргне условот за трудовите.<br><br>Исклучителни дела... презентирани во земјата и во странство. | За професорите од уметничките области научните трудови не се релевантни.<br>Да не се квантифицираат делата поради различниот обем и сложеност. Клучен критериум би требало да биде квалитетот на делата.<br>Пример: долгометражен игран филм кој добил номинација за Оскар не може да се спореди со (едно) ликовно дело презентирано на меѓународна изложба. |
| Член 186 | 1 На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, високообразовната установа може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до две години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна област, односно уметничка област или за престој во соодветна институција во странство, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат. | | Да се преформулира дека вработениот доколку обезбедил престој во странство за стручно усовршување или истражување институцијата мора да му овозможи отсуство.<br>Исто така да се предвиди дека редовен професор има право на платено отсуство во траење од еден семестар ако работи на конкретен проект/ истражување и сл. секоја петта година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 187 | | | |
| Член 188 | | | |
| Член 189 | | | |
| Член 190 | | | |
| Член 191 | | | |
| Член 192 | | | |
| Член 193 | | | |
| Член 194 | | | |
| Член 195 | | | |
| Член 196 | | | |
| Член 197 | | | |
| Член 198 | (1) Кога министерот надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високообразовната установа работи спротивно на овој закон и Правилникот за стандардите и постапката за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, со записник ќе и укаже на високообразовната установа на незаконитоста во работењето и ќе и определи рок од најмалку еден месец за отстранување на незаконитоста. (3) Ако јавната високообразовна установа не постапи по укажувањата од ставот (1) на овој член, министерот надлежен за работите на високото образование дава предлог до Владата за отпочнување постапка за донесување закон за престанок на високообразовната установа. | дасе усогласи со надлежности на органи и судови особено во поглед на разграничување на надлежности на Влада и на Собрание (соновач на ЈВОУ) | Не е надлежност на министер да оценува законитост на работа. |
| Член 199 | (1) Кога министерот надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високообразовната установа донела одлука која не е во согласност со овој закон, ќе и укаже на високообразовната установа за незаконитоста на одлуката и ќе определи рок за отстранување на незаконитоста, кој не може да биде пократок од еден месец.<br>(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, министерот надлежен за работите на високото образование формира соодветна комисија од пет члена која изготвува извештај со кој се констатира законитоста, односно незаконитоста на одлуката.<br>(3) Ако во определениот рок високообразовната установа не ја отстрани незаконитоста, министерот надлежен за работите на високото образование со решение ќе ја укине или поништи незаконитата одлука.<br>(4) Против решението од ставот (3) на овој член, високообразовната установа има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.<br>(5) Против решението од ставот (3) на овој член, високообразовната установа има право да поднесе тужба пред Управниот суд. | Прецисно да се дефинира врз основа на што министерот утврдува дека ВОУ донела одлука која не е во согласност со овој закон, односно да се наведат надлежните органи и тела. Во спротивно, да се избрише одредбата. | Овој член претставува директен упад во автономијата на универзитетот. Постојат надлежни органи и тела (ДПИ, Агенција за квалитет, други државни инспекторати и сл.). Министер (како политичка фигура) и „соодветна комисија" не може да ги превземат надлежностите на други тела и органи кои, согласно позитивните законски прописи, им припаѓаат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Член 200 | (1) Ако општиот акт на високообразовната установа не е во согласност со Уставот или со закон, министерот надлежен за работите на високото образование има право да го запре неговото извршување и е должен, во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението за запирање, да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на запрениот акт пред Уставниот суд на Република Македонија.<br>(2) Министерот надлежен за работите на високото образование може пред да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста да ја извести високообразовната установа за запирањето на актот и да и укаже на високообразовната установа во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението за запирање, да ја отстрани незаконитоста. | (1) Штом министерот има право да запре извршување на општ акт, да се предвиди и право на жалба на ВОУ до Управен суд. (2) Зборот„може“ пред да поведе постапка..... да се смени со „мора“ . | Без право на жалба до Управен суд и без обврската ВОУ да биде известено за запирањето на извршување на општ акт, предложените решенија претставуваат упад во автономијата. |
| Член 201 | | | |
| Член 202 | | | |
| Член 203 | Казни и глоби | Да се усогласат со висината на казните и глобите во Законот за квалитет. | Глобите се превисоки за македонски услови, што може да доведе до ненадминливи финансиски импликации врз ВОУ |
| Член 204 | | | |
| Член 205 | | | |
| Член 206 | | | |
| Член 207 | | | |
| Член 208 | | | |
| Член 209 | Одредбата од член 124 став (1) алинеја 1 од овој закон, ќе започне да се применува по спроведено рангирање согласно одредбите на овој закон. | Да има преодни одредби и за магистерски и докторски студии | Ништо не се кажува за Член 125, во врска со докторските студии, во кој со ставовите 11, 12 и 13 се воведуваат нови критериуми за докторирање, кои претходно т.е. сега ги нема. Тие исто така, како и за изборите во звања треба да важат само за новозапишаните студенти на трет циклус, не за стекнатите. Бидејќи е можно студент со готов докторат, со исполнети услови согласно сегашниот закон за ЗВО, пред одбрана да го затекне изгласан новиот закон. Во таков случај, ако нема преодни одредби, студентот ќе треба да го доработува и докторатот за да ги стекне новите услови, што би било апсолутно нефер за тие затекнати студенти, не може законот да важи ретроактивно.<br><br>Истово важи и за втор циклус на студии, каде исто така се воведуваат нови критериуми. |
| Член 210 | | | |
| Член 211 | | | |
| Член 212 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 213 | (2) За наставниците кои до моментот на стапување во сила на овој закон стекнале звање доцент или вонреден професор, при првиот нареден избор во звање,  нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс. | Зборовите: „За наставниците кои до моментот на стапување во сила на овој закон стекнале звање доцент или вонреден професор, при првиот нареден избор во звање, нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс.“ се менуваат со зборовите: „За наставниците кои до моментот на стапување во сила на овој закон стекнале звање асистент, доцент или вонреден професор, при првиот нареден избор во звање, нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс.“ | Во преодните одредби што се однесуваат на условите според кои ќе прдолжи избор во звање се порпуштени наставниците кои до моментот на стаување во сила на овој закон стекнале звање асистент. Објективно, имајќи го предвид времетраењето на асистентскиот ангажман и времетраењето на избор во (повисоко) звање, од асистентите не може да се очекува целосно прилагодување на новите услови (независно кои, ако се измените) во толку кус временски период, и оттука, во однос на оваа одредба треба да имаат ист третман како и доцентите и вонредните професори. |
| 213 | (2) За наставниците кои до моментот на стапување во сила на овој закон стекнале звање доцент или вонреден професор, при првиот нареден избор во звање,  нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс. | ст.2 - Место „нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс.“ да стои дека првиот нареден избор е според ЗВО од 2018 год. | Одредбата делумно ги укинува критериумите без јасна замена, што создава правна празнина и можност за различно правно толкување. |
| 213 | (2) За наставниците кои до моментот на стапување во сила на овој закон стекнале звање доцент или вонреден професор, при првиот нареден избор во звање,  нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс. | Да се дополни дека првиот нареден избор е според ЗВО од 2018 год. | |
| Член 213 | Да се додаде став 2а | За асистентите кои до моментот на стапување во сила на овој закон се избрани во тоа звање, при првиот нареден избор во звање,  нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Web of Science и h-индекс. | Овие лица го започнале својот академски развој и професионална кариера во рамки на важечки законски и подзаконски услови, при што легитимно ги планирале своите научни и наставни активности согласно тие правила. |
| Член 213 | Да се додаде став 2а | | Предлог-законот предвидува експлицитни заштитни механизми за редовните професори и научните советници избрани пред влегувањето во сила на законот, со што се обезбедува континуитет и правна сигурност за повисоките звања. Наспроти тоа, асистентите, како категорија која се наоѓа во чувствителна фаза на академски напредок, не се опфатени со аналогни преодни одредби, иако измените на критериумите и роковите имаат директен и потенцијално ретроактивен ефект врз нивната кариера. Ова создава суштинска нерамноправност во третманот на академскиот кадар и ја нарушува логиката на постапност и предвидливост на академското напредување. Воведувањето на преодни и заштитни механизми за асистентите не претставува привилегија, туку неопходна мерка за обезбедување правична, стабилна и одржлива академска кариера во рамки на јавниот високообразовен систем. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 213 | (4) Избраните асистенти на факултетите од полето на уметностите кои имаат засновано работен однос како асистент во моментот на стапување во сила на овој закон, должни се да докторираат во рок од пет години од стапување во сила на овој закон, а дотогаш го задржуваат звањето асистент. | Ако не се тргне условот да имаат докторат, место 5 да стои 6 години. | Во предложениот нацрт-закон одредбата е исклучително дискриминаторна и нефер. Имено, асистент кому му претстои избор во повисоко звање, а кој бил двапати избран во звањето асистент, според оваа одредба ќе мора да има исполнето услови за коишто не бил подготвен и автоматски ќе го изгуби работното место. Со прифаќање на предложената измена ќе се обезбеди правична и применлива транзиција за асистентите кои се веќе во работен однос, без ретроактивно наметнување на услови кои не постоеле во моментот на нивниот избор. Тоа ќе овозможи континуитет во кариерниот развој на наставниот кадар и ќе спречи губење на работни места поради формални, а не суштински причини. |
| Член 214 | | | |
| Член 215 | | | |
| Член 216 | | | |
| Член 217 | | | |
| Член 218 | | | |
| Член 219 | | | |